# ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРАВАТА ОД СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА ОД СТРАНА НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА



2022

**ИМПРЕСУМ**

**Издавач:**
Ромалитико – Институт за истражување и анализа на политики

**Автор:**
Тона Карева, ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
м-р Алберт Мемети, Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико
Салија Бекир Халим, Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари
м-р Мухамед Ајваз, Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико

**Лектура:**
Виолета Танчева-Златева

**Графичко уредување:**
Теано Кардула

**Печатење:**
КОНТУРА

**Тираж:**
15

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ХЕРА и Ромалитико и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.
Објавувањето на оваа публикација е во рамките на проектот „Користење на правното зајакнување и социјалната одговорност за подобрување на социјално-економскиот живот и состојбата со репродуктивното здравје на ромската заедница“, поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија и „Генерална поддршка на Ромалитико и граѓанско општество за интеграција на Ромите – фаза 2“, поддржан од Канцеларијата за ромски иницијативи во рамките на Фондацијата Отворено општество – Берлин.

# СОДРЖИНА


**01 Вовед** 6

**02 Правна анализа** 7

2.1 Закон за социјална заштита 7

2.2 Закон за заштита на децата 12

2.3 Закон за социјална сигурност за стари лица 18

2.4 Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба 19

2.5 Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба 20

2.6 Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба 21

2.7 Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба 22

2.8 Закон за дополнување на Законот за социјална заштита 22

2.9 Подзаконски акти 23

**03 Институционална рамка** 24

| | | |
|---|---|---|
| **04** | **Истражување за искористеноста на правата од социјална заштита** | **27** |
| | 4.1 Методологија на истражувањето | **27** |
| | 4.2 Преглед на искористеност на правата од социјална заштита | **29** |
| | 4.3 Наоди од истражувањето | **34** |
| | Распределба на анкетираните лица според демографските карактеристики | **34** |
| | Преглед на искуството на ромската заедница пред процесот на аплицирање | **38** |
| | Преглед на искуството на ромската заедница во текот на аплицирање и исходот од аплицирањето | **45** |
| | Влијанието на пандемијата со ковид-19 врз искористеноста на правата од социјална заштита | **60** |
| **04** | **Заклучоци** | **66** |
| **05** | **Препораки** | **68** |
| **06** | **Користена литература** | **69** |
| **07** | **Прилози** | **70** |

# 01
# Вовед

Здравствената криза предизвикана од состојбата со ковид-19, освен што влијаеше врз здравјето на граѓаните и врз достапноста на услугите, значително ја погодува и материјалната благосостојба на домаќинствата преку губењето на работни места и намалувањето на нивните приходи. Вклучувањето во системот на социјална заштита и проширувањето на програмите за социјална заштита е неопходен чекор за задоволување на егзистенцијалните потреби и зачувување на здравјето и благосостојбата на сите граѓани во услови на криза. Притоа, особено треба да се запази принципот на еднаквост, што значи дека дури ни во вакви услови не смее да има заборавени категории – мерките треба да ги опфатат сите граѓани и никој не треба да биде изземен од нив.

Во услови на пандемијата со ковид-19, Владата на РСМ донесе низа мерки и уредби кои имаат за цел да овозможат олеснет пристап до правата од областа на социјалната и детската заштита. Една од мерките што беше особено значајна за Ромите се однесуваше на овозможен брз пристап во системот на социјална заштита што се однесува на лицата кои останале без приходи или биле дел од неформалната економија, односно обезбедување парична помош за домаќинства и енергетски додаток за корисниците на социјална заштита.

Во 2019 година беше донесена социјалната реформа. Новиот систем на социјална и детска заштита ќе придонесе за извлекување на најранливите граѓани, но и на децата од сиромаштија. Беше донесен нов Закон за социјална заштита, нов Закон за социјална сигурност за стари лица и измени во Законот за детска заштита.

Целта на ова истражување е да направи анализа на искористеноста на правата од социјална и детска заштита од страна на ромската заедница за период 2019 и 2020 година, опфаќајќи ги сите фази, односно почнувајќи од информираноста на Ромите за социјалните права, процесот на аплицирање, како и исходот од аплицирањето.

Ова истражување ја мапира реалната состојба на ромската заедница во делот на искористеноста на правата од областа на социјална и детска заштита. Воедно, истражувањето има за цел да ги согледа и адресира препреките и предизвиците со коишто се соочува ромската заедница во процесот на имплементација на социјалната реформа, а дополнително и во услови на пандемија.

Резултатите од истражувањето ќе ја отсликаат состојбата на ромската заедница во нашата држава и согласно на тоа ќе се дадат конкретни препораки, кои се неопходни за унапредување на достапноста до правата од социјална и детска заштита.

# 02
# Правна анализа

Овој дел од истражувањето дава правна анализа на постоечките закони со кои се опфатени правата на парична помош од социјална и детска заштита. Освен тоа, анализирани се и сите уредби со законска сила донесени за време на вонредната состојба, а кои се од значење за остварување на правата од социјална и детска заштита. Попрецизно, анализирани се правата на парична помош од:

- Законот за социјална заштита;
- Законот за заштита на деца;
- Законот за социјална сигурност на стари лица;
- Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба.

## 2.1 Закон за социјална заштита [1]

Законот за социјална заштита ги уредува следните права на парична помош:

- гарантирана минимална помош;
- надоместок заради попреченост;
- надоместок за помош и нега од друго лице;
- надоместок на плата за скратено работно време;
- додаток за домување;
- траен надоместок и
- еднократна парична помош.

1. Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104 од 23.5.2019 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 146 од 17.7.2019 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 275 од 27.12.2019 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 311 од 28.12.2020 година)

## Гарантирана минимална помош

Право на гарантирана минимална помош (ГМП) има домаќинство кое е материјално необезбедено (домаќинство чија вкупна просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на правото и во текот на користењето на правото е пониска од висината на утврдената гарантирана минимална помош) и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува. Доколку врз основа на непосреден увид и стручната документација од овластениот работник од центарот за социјална работа е констатирано дека не станува збор на материјално необезбедено домаќинство, нема да има право да се користи гарантирана минимална помош.

Основицата изнесува 4.000 денари месечно, а за секој следен полнолетен член на домаќинството и за дете член на домаќинството основицата се зголемува согласно законски утврдената еквивалентна скала. Носителот на правото е должен при поднесување на барањето да ја пријави бројната состојба и имотната состојба на домаќинството за себе и за сите членови во домаќинството и да извести за промените во текот на користењето на правото, а кои влијаат врз остварување и користење на правото, во рок од 15 дена сметано од настанувањето на промената, до надлежниот центар за социјална работа.

Центарот за социјална работа по службена должност ја проверува материјалната состојба на носителот на правото на гарантирана минимална помош и сите полнолетни членови на домаќинството, преку обезбедување на податоци за остварени месечни приходи од службената евиденција на надлежниот јавен орган, Министерството за финансии – Управата за јавни приходи.

Домаќинството остварува и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за месеците од октомври до март, по 1.000 месечно.

### Право на гарантирана минимална помош не може да оствари домаќинство во кое член:

- може сам да се издржува;
- може да остварува приходи со продажба или со давање под закуп на имот во нивна сопственост, кој членовите на домаќинството не го користат;
- има склучен договор за доживотна издршка, а не покренал постапка за раскинување на тој договор;
- може да обезбеди издржување по друга основа;
- е избришан од евиденцијата на невработени лица поради нередовно пријавување, до истекот на периодот до кога стекнува право повторно да

се пријави, согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност и/или;

- на кој работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос, во последните 12 месеци пред поднесување на барањето за остварување на право на гарантирана минимална помош.

Членовите на домаќинството, корисници на гарантирана минимална помош, кои се невработени, се евидентираат во надлежниот центар за вработување. Центарот за социјална работа го задолжува корисникот на ГМП во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за остварување на гарантирана минимална помош, да се евидентира како невработено лице во надлежниот центар за вработување. Доколку корисникот не се јави во надлежниот центар за вработување во определениот рок, истиот по службена должност го известува надлежниот центар за социјална работа.

Оваа одредба не се однесува на лице кое е на редовно школување, неспособно за работа, жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и еден од родителите кој се грижи за детето до деветмесечна возраст, освен доколку самиот се согласи да учествува во активни мерки и услуги за вработување, со навршени 60 години, освен доколку самото се согласи да учествува во активни мерки за вработување, во работен однос, вршител на земјоделска, сточарска или друга дејност и вршител на занаетчиска, односно професионална дејност.

Корисниците на гарантираната минимална помош можат да бидат работно ангажирани за извршување на јавни работи. Лица кои не подлежат на работно ангажирање се: лице над 60 години, жена за време на бременоста и еден од родителите кој се грижи за детето до деветмесечна возраст на детето, лице неспособно за работа поради старост, попреченост или болест, лице во работен однос, ученик и студент.

Ако корисникот на гарантираната минимална помош неоправдано го одбие работното ангажирање, се смета за член на домаќинството при пресметување на вкупните приходи на домаќинството, а се исклучува од користење на правото на гарантираната минимална помош во наредните 12 месеци, сметано од денот на донесување на решението.

### Правото на гарантирана минимална помош престанува доколку:

- носителот даде невистинити или нецелосни податоци за материјалната, семејната и имотната состојба на домаќинството при поднесувањето на барањето;
- носителот не ја пријави промена на бројната состојба на домаќинството, материјалната и имотната состојба за себе и сите членови во домаќинството, во текот на користењето на правото;
- корисникот не се пријави во надлежниот центар за вработување во законскиот рок и редовно не ги исполнува обврските за евидентирање

согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност;
- корисникот двапати последователно одбие да ги исполни обврските од индивидуалниот план за вработување за вклучување во програмата за активни мерки за вработување, или одбие посредување за вработување;
- работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос;
- домаќинството не е изложено на социјален ризик, констатирано врз основа на непосреден увид и од стручната документација од овластениот работник;
- на овластениот работник не му се дозволи да направи увид во домот за проверка на материјалната и бројната состојба во домаќинството, констатирано врз основа на стручна документација.

Домаќинството се исклучува од користење на правото на гарантираната минимална помош во наредните 12 месеци.

На домаќинството на кое ќе му престане правото на гарантирана минимална помош, правото ќе продолжи само за лицата неспособни за работа, доколку тие не се причинители за престанокот на правото. Домаќинство со деца кое користи гарантирана минимална помош остварува и права за заштита на децата, согласно со Законот за заштита на децата.

## Надоместок заради попреченост

Надоместок заради попреченост се обезбедува за лице кое е:

- со тешка или длабока интелектуална попреченост;
- со најтешка телесна попреченост;
- потполно слепо лице, и
- потполно глуво лице.

Надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65-годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот, освен ако користи цивилна или воена инвалиднина согласно закон и ако со решение на центарот за социјална работа подолго од 30 дена е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка или во здравствена или друга установа.

Надоместокот изнесува 7.204 денари за првите три категории лица и 4.117 денари за четвртата категорија. Правото на надоместок заради попреченост се остварува врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија, составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијална здравствена установа, или траен наод, оцена и мислење.

## Надоместок за помош и нега од друго лице

Право на надоместок за помош и нега од друго лице има лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице затоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот.

Висината на месечниот надоместок за помош и нега од друго лице во поголем обем (лице со тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради што не може само да ги задоволува основните активности од секојдневниот живот, не може ниту со помош на ортопедски помагала самостојно да се движи во станот или надвор од станот, самостојно да се храни, облекува, да ја одржува личната хигиена, ниту да ги врши основните физиолошки потреби) изнесува 4.475 денари.

Висината на месечниот надоместокот за помош и нега од друго лице во помал обем (лице со умерена интелектуална попреченост и лице кое поради трајни промени во здравствената состојба не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби) изнесува 3.959 денари.

Потребата за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење ја утврдуваат стручни комисии формирани во јавните здравствени установи во состав од тројца лекари.

## Надоместок на плата за скратено работно време

Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, родителот го остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето.

## Додаток за домување

Правото на додаток за домување се обезбедува за материјално и станбено необезбедени лица:

- корисник на гарантирана минимална помош и
- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.

## Траен надоместок

Право на траен надоместок има згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство најмалку петнаесет години, по наполнување на 62 години за жена, односно 64 години за маж, кој е невработен и не користи право на пензија по која било основа. Правото не може да се оствари доколку центарот за социјална работа еднострано го раскинал договорот за сместување лице во згрижувачкото семејство. Висината на трајниот надоместок за згрижувачот изнесува 8.000 денари месечно.

Правото на траен надоместок го остварува родител кој има дете со попреченост и кој се грижел за детето до неговата 26-годишна возраст, без истото да користи услуга на вонсемејна социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години за жена, односно 64 години за маж. Правото не може да се оствари доколку на родителот му било одземено родителското право над детето. Висината на трајниот надоместок изнесува 8.000 денари месечно.

## Еднократна парична помош

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до:

- 30.000 денари (положба на социјален ризик, а која може да остави трајни последици, поради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар), епидемија и смрт на член на семејството, лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство и станбено необезбедено лице корисник на гарантирана минимална помош, и тоа лице неспособно за работа, како помош во обезбедување на нужно сместување);
- 15.000 денари (лице жртва на семејно насилство за обезбедување на итна заштита и згрижување);
- 12.000 денари (лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа, како и за лице жртва на семејно насилство за остварување на право на здравствена заштита и медицински третман);
- 4.500 денари (лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик кој не остава трајни последици).

Лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, има право на интервентна еднократна парична помош во висина до 180.000 денари, заради вклучување во социјалната средина.
Во барањето за остварување на еднократна парична помош, подносителот наведува за која цел му е потребна помошта и во рок од 15 дена од кога средствата се искористени, а најдоцна три месеци од добивање на помошта, до центарот за социјална работа доставува доказ дека средствата се

искористени за целта која ја навел, освен за еднократна парична помош во висина до 4.500 денари.

## 2.2 Закон за детска заштита [2]

Согласно Законот за заштита на децата, уредени се следните парични права за заштита на децата:

- детски додаток;
- посебен додаток;
- еднократна парична помош за новороденче;
- родителски додаток за дете;
- додаток за образование;
- партиципација.

## Право на детски додаток

Право на детски додаток се обезбедува на дете (корисник) државјанин на Република Северна Македонија кое живее во домаќинство со постојано место на живеење во Република Северна Македонија и доколку домаќинството не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува. Право на детски додаток се обезбедува и на дете од домаќинство кое користи право на гарантирана минимална помош согласно Законот за социјална заштита. Странски државјанин кој има живеалиште и регулиран постојан престој во Република Северна Македонија може да оствари право на детски додаток за дете. Правото на детски додаток се обезбедува на дете до наполнување на 18 години.

Детски додаток следува за децата кои родителот ги издржува, и тоа за деца родени во брак или вон од брак, посвоени деца, како и за внуци, браќа, сестри и за други деца земени на издржување. За децата земени на издржување, детски додаток следува и кога тие имаат родители, ако: родителите им се наполно или трајно неспособни за работа, се на издржување казна затвор и им е одземено родителското право. Детскиот додаток следува во случај и кога родителите и децата немаат имот или приходи од кои децата можат да се издржуваат. Детски додаток следува и за дете кое е без родителска грижа, а е сместено во згрижувачко семејство.

---

2. Закон за заштита на децата („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20) <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%B-B%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%20%D1%84%D0%B5%D0%B2%D1%80%D1%83%D0%B0%D1%80%D0%B8%202021-converted.pdf>

Право на детски додаток има дете во семејство чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на детски додаток, кој е поставен на 6.800 денари, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала.

Кога на домаќинството ќе му престане правото на гарантирана минимална помош, центарот за социјална работа по службена должност преиспитува дали се исполнети условите за продолжување на користење на правото на детски додаток. Висината на детскиот додаток зависи од бројот на децата во семејството и возраста на децата.

Детски додаток не следува за: дете сместено во установа за социјална заштита или друга установа со решение на центарот за социјална работа и дете државјанин на Република Северна Македонија за кое родителот остварил право на детски додаток согласно прописите на друга држава.

Доколку во семејството има дете на училишна возраст согласно закон, висината на детскиот додаток за едно дете изнесува 1.000 денари месечно, а за две и повеќе деца во семејството изнесува 1.600 денари месечно за сите деца. Доколку во семејството има дете кое не е на училишна возраст согласно закон, висината на детскиот додаток за едно дете изнесува 1.200 денари месечно, а за две и повеќе деца изнесува 1.900 денари месечно за сите деца. Доколку во семејството има две и повеќе деца, кои не се сите на училишна возраст, висината на детскиот додаток за сите деца изнесува 1.600 денари месечно.

## Посебен додаток

За дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот, до 26 години се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок. Наод, оцена и мислење за потребата од остварување на посебен додаток дава стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста на лицата во менталниот или телесниот развој.

Дете со пречки во развојот и со специфични потреби, во смисла на овој закон, е дете со:

- тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој;
- умерена, тешка или длабока ментална попреченост;
- најтешки облици на хронични заболувања;
- најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице, практично глуво и тотално глуво лице, лице со потполно отсуство на говорот, лице со тешко оштетен говор поради детска парализа, лице со аутизам и лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор);

- Даунов синдром и
- повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.

За дете со пречки во развојот и со специфични потреби се остварува право на здравствено осигурување, согласно прописите од областа на здравственото осигурување.

Право на посебен додаток има еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, со постојано место на живеење во Република Северна Македонија, ако е детето државјанин на Република Северна Македонија со постојано место на живеење во Република Северна Македонија до навршени 26 години, доколку не е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита или друга установа со решение на центарот за социјална работа. Право на посебен додаток има и лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, кое има дете со пречки во развојот и со специфични потреби под услови утврдени со овој Закон.

Висината на посебниот додаток изнесува 5.021 денари. Износот на посебниот додаток се зголемува за 50 % и изнесува 7.531 денари за самохран родител кој има дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години. Износот на посебниот додаток се зголемува за 25 % и изнесува 6.276 денари за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош кои имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години.

## Еднократна парична помош за новороденче

Еднократна парична помош за новороденче се обезбедува на семејство за прво и второ новородено дете (за посвоените деца, на возраст до една година, доколку мајката нема новородено дете). Право на еднократна парична помош за новороденче родено на територијата на Република Северна Македонија има еден од родителите, државјанин на Република Северна Македонија, со постојано место на живеење од најмалку 12 месеци непрекинато на територијата на Република Северна Македонија до денот на раѓањето на детето.

Висината на еднократната парична помош за прво новороденче изнесува 5.000 денари, а за второ новороденче изнесува 20.000 денари.

## Родителски додаток за дете

Родителски додаток за дете остварува мајка за своето трето живородено дете. Правото го остварува мајка која е државјанин на Република Северна Македонија со постојано место на живеење во Република Северна Македонија

последните три години пред поднесување на барањето. Правото се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на користењето на правото и во текот на користењето на правото е понизок од висината на минималната нето-плата утврдена за претходната година. Правото го остварува мајка која непосредно се грижи за детето за кое поднела барање, чии деца од претходниот ред на раѓање не се сместени во установа за социјална заштита, згрижувачко семејство или не се дадени на посвојување и на која не ѝ е одземено родителското право над децата од претходниот ред на раѓање.

Правото не може да се оствари ако мајката за време на бременоста не вршела здравствени прегледи и контроли кај избран лекар – специјалист по гинекологија и акушерство. Правото не може да се оствари, односно ќе го изгуби веќе оствареното право, доколку:

- не се вршат задолжителните вакцинации на детето согласно со закон и
- детето не биде запишано и редовно не ја следи наставата во основно училиште.

По исклучок, правото на родителски додаток се остварува и за детето:

- кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата и поради таквата спреченост вонредно го продолжува образованието и кое поради степенот на попреченоста не може да се образува.

Правото во случај мајката да не е жива, да го напуштила детето, или од оправдани причини (подолготрајно континуирано болничко лекување на мајката, сериозно нарушена здравствена состојба на мајката, студиски престој, усовршување и специјализација на мајката и одземена деловна способност на мајката) да е спречена непосредно да се грижи за детето, наместо мајката може да го оствари таткото или старателот, доколку ги исполнува другите услови.

Родителскиот додаток за трето дете се исплатува месечно, за период од десет години, во висина од 8.048 денари. Стекнатото право на родителски додаток за дете (за трето и четврто дете) ќе продолжи да се остварува до завршување на периодот на користење на оствареното, односно продолженото право на родителски додаток за дете (за трето дете до завршување на периодот од десет години, а за четврто дете и кај единствениот родителски додаток до завршување на периодот од 15 години).

## Додаток за образование

Право на додаток за образование има домаќинство со дете кое е на редовно школување во основно или средно образование во училишта во Република Северна Македонија, чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на додаток за образование, кој е поставен на 6.000 денари, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала.

Право на додаток за образование има и старател на дете без родители и без родителска грижа кое не е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита.

Висината на додатокот за образование изнесува 700 денари месечно за ученик во основно образование и 1.000 денари месечно за ученик во средно образование во текот на учебната година. Правото на додаток за образование се остварува доколку детето е запишано како редовен ученик во основно или средно училиште, присуствува на најмалку 85 % од вкупниот број на реализирани наставни часови и не користело додаток за образование за истата учебна година. Исплатата на додатокот за образование се врши во четири еднакви износи.

Кога на домаќинството ќе му престане правото на гарантирана минимална помош, центарот за социјална работа по службена должност преиспитува дали се исполнети условите за продолжување на правото на додаток за образование.

## Додаток за образование на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа

Лице кое до својата 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, а е редовен ученик во средно училиште, има право на додаток за образование. Висината на додатокот за образование за лицето изнесува 1.600 денари месечно доколку лицето користи гарантирана минимална помош, односно 5.600 денари месечно доколку лицето не користи гарантирана минимална помош и ако нема приходи и имот од кој може да се издржува.

Право на додаток за образование има и лице кое до својата 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, а кое е запишано како редовен студент на некој од јавните високообразовни универзитети во Република Северна Македонија, за секоја редовна студиска година, најдоцна до 26-годишна возраст. Лицето кое ќе се запише на втор циклус

магистерски студии има право на додаток за образование за времетраењето на магистерските студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија, но најмногу до три години од денот на запишувањето. На лицето додатокот за образование му престанува доколку ја презапише студиската година, односно се запише на иста студиска година на друга јавна високообразовна установа. Лицето кое ќе се запише на трет циклус докторски студии има право на додаток за образование за времетраењето на докторските студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија, но најмногу до шест години од денот на запишувањето.

Висината на додатокот за образование изнесува 12.000 денари месечно ако лицето користи социјален стан под закуп, односно 24.000 денари месечно ако лицето не користи социјален стан под закуп.

### Партиципација

Во зависност од материјалната состојба на семејството, се обезбедува партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во јавна установа за деца.
Правото на партиципација се остварува за дете на кое материјалната состојба на семејството е нарушена поради претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес и друго).
Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.
Родителот на детето за кое се остварува правото на партиципација треба да е државјанин на Република Северна Македонија со постојано место на живеење од најмалку 12 месеци непрекинато на територијата на Република Северна Македонија, до денот на поднесување на барањето.
Висината на правото е еднаква на цената на услугата во јавната установа за деца што ја плаќа родителот.

## 2.3 Закон за социјална сигурност за стари лица[3]

Право на социјална сигурност за старите лица има лице со навршени 65 години. Ако подносителот на барањето за остварување на правото има брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница со навршени 65 години, правото го остварува само едно од лицата.

3. Закон за социјална сигурност на стари лица („Службен весник на РСМ" бр. 104 од 23.5.2019 година) <https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e19ef6763a344beeaddf059157344512.pdf>

Право на социјална сигурност за старите лица, лицето го остварува ако:

- има државјанство на Република Северна Македонија;
- има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во
- последните 15 години пред поднесување на барањето;
- нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува;
- не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата;
- по основ на староост, инвалидност или доживување од друга држава и
- не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето.

Условите од точките 3, 4 и 5 на овој член се однесуваат и за неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница.

Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност за старите лица изнесува 6.000 денари и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за месеците од октомври до март, во износ од 1.000 денари месечно.

На корисникот на правото на социјална сигурност за старите лица му се обезбедува право на здравствена заштита, доколку не се стекне со здравствена заштита по друг основ. Корисникот е должен да ја пријави материјалната и имотната состојба за себе, за брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, при поднесување на барањето и за време на користење на правото, да извести за промените во текот на користењето на правото, а кои влијаат врз остварување и користење на правото, во рок од 15 дена сметано од настанувањето на промената, до надлежниот центар за социјална работа.

## 2.4 Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба[4]

Со Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба, се утврдува дека право на гарантирана минимална помош има домаќинство кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот или имотни права од кои може да се издржува. Со Уредбата се менуваат критериумите за материјалната необезбеденост на домаќинството, па наместо за три месеци, при одлучувањето се зема предвид еден месец пред поднесување на барањето за остварување на правото на гарантирана минимална помош. Целта на оваа измена е да се олеснат критериумите за пристап до правото имајќи го предвид влијанието на состојбата со ковид-19 врз губењето работни места и други приходи на граѓаните, односно да го олесни и забрза пристапот до правото на гарантиран минимален приход.

4. Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 89, април 2020) <https://bit.ly/3kAEvEl>

Дополнително, со Уредбата се врши измена и во однос на правото на користење паричен додаток за енергенси, односно домаќинствата кои користат гарантирана минимална помош остваруваат и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството за месеците април и мај 2020 година.

Со Уредбата, основниот рок од 15 дена за кој подносителот на барањето, неговиот законски застапник или старател е должен да го извести надлежниот центар за социјална работа, писмено или по електронски пат, за секоја промена на фактите или околностите кои влијаат врз користење на правото и кои биле основа за признавање на правото од социјална заштита, се менува и се продолжува на 30 дена, односно најдоцна во рок од 30 дена од денот кога настанале тие промени.

## 2.5 Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба [5]

Со Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба, се продолжува времетраењето на Уредбата со законска сила – наместо за периодот од април до мај, се однесува на периодот од април до декември, а дополнети се и правата од социјална заштита – право на надоместок заради попреченост, право на надоместок за помош и нега од друго лице, распоредување на работни места и вршење на стручна работа во установа за социјална заштита на стручните даватели на јавни услуги, продолжување на лиценцата за работа во установа за социјална заштита, како и постапката за издавање и обновување на лиценца за работа на стручните лица даватели на јавни услуги.

Со Уредбата се менува дефиницијата за материјално необезбедено домаќинство и се олеснуваат критериумите, односно се зема предвид вкупната висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во месецот пред поднесување на барањето за остварување на правото на гарантирана минимална помош, и во месецот пред тековниот месец на користење на правото да биде пониска од висината на утврдената гарантирана минимална помош. Дополнително, утврдено е дека право на гарантирана минимална помош може да оствари домаќинство во кое член на домаќинството е избришан од евиденцијата на невработени лица поради нередовно пријавување или на кој работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос.

5. Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 108, април 2020) <https://bit.ly/2OfKCTa>

Како имот кој корисникот на правото на гарантирана минимална помош може да го отуѓи или изнајми и на тој начин да се издржува, се смета стан во кој не живее, регистрирано моторно возило не постаро од пет години (патничко моторно возило, мотор над 50 $cm^3$, комбе, автобус, камион, комбајн и трактор) и градежно земјиште со површина над 500 $m^2$, освен земјиштето на кое се наоѓа објектот каде корисникот живее. Со оглед на тоа што на многу работници поради пандемијата со ковид-19 им престана работниот однос, целта на Уредбата е и тие работници да бидат вклучени во системот на социјална заштита.

Исто така, со Уредбата се предвидува дека правото на гарантирана минимална помош не престанува доколку корисникот не се пријави во надлежниот центар за вработување и редовно не ги исполнува обврските за евидентирање согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност. Центрите за вработување го одложија пријавувањето на невработените лица додека важат мерките за заштита од ковид-19.

Остварувањето на правото на енергетски додаток, наместо за месеците април и мај, се однесува на периодот од април до септември. Во Уредбата се додава дека Центарот за социјални работи ќе одлучува за правото на гарантиран минимален приход врз основа на документација доставена од подносителот, но и прибавена по службена должност, а увидот во домаќинството ќе се врши во рок од два месеца по престанок на траењето на вонредната состојба.

Во оваа Уредба опфатено е и правото на надоместок поради попреченост, па предвидено е дека правото на надоместок за помош и нега од друго лице, остварено врз основа на наод, оцена и мислење од стручна комисија со кој е препорачан контролен преглед во периодот на траење на вонредната состојба, се продолжува за време на траење на вонредната состојба, како и два месеца по престанокот на траењето на вонредната состојба.

## 2.6 Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба [6]

Со Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба се вршат измени на Законот за заштита на децата во однос на продолжување на роковите за поднесување барање за остварување на правото на еднократна помош за новороденче, барањето за остварување или продолжување на родителски додаток за трето дете и за четврто дете, како и за проверка на исполнетост на условот за присуство на најмалку 85 % од вкупниот број реализирани наставни часови за секој од мерните периоди заради исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година.

6. Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 88, април 2020) <https://www.slvesnik.com.mk/Issues/60b5e-a0140e64926b71ad8b95d3314f4.pdfаприл 2020) <https://bit.ly/2OfKCTa>

Со Уредбата се утврдува дека роковите кои се предвидени со Законот за заштита на децата престануваат да течат за времетраење на вонредната состојба и се продолжуваат за три месеци од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

Согласно оваа Уредба, проверката на исполнетост на условот за присуство на најмалку 85 % од вкупниот број на реализирани наставни часови за секој од мерните периоди, заради исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година, нема да се врши до крајот на наставната година.

## 2.7 Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба [7]

Со Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба, се додава и правото на посебен додаток, односно остварување на правото на посебен додаток врз основа на издадените наоди, оцени и мислења од соодветен стручен орган, во кои е препорачан контролен преглед, односно повторен преглед – контрола или рекатегоризација.

Правото на посебен додаток, остварено врз основа на издадените наоди, оцени и мислења од соодветен стручен орган, во кои е препорачан контролен преглед, односно повторен преглед – контрола или рекатегоризација, во периодот на траење на вонредната состојба, се продолжува за времетраење на вонредната состојба, како и два месеца од денот на престанокот на траењето на вонредната состојба.

## 2.8 Закон за дополнување на Законот за социјална заштита [8]

Со Законот за дополнување на Законот за социјална заштита се уредува постапувањето во однос на остварување на паричните права во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди).

---

7. Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 103, април 2020) <https://www.slvesnik.com.mk/Issues/9e9dbf6b3cb845b5b3ac509534206863.pdf>>

8. Закон за дополнување на Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 302 од 18.12.2020 година) <https://www.slvesnik.com.mk/Issues/041e3d85d6e74293ac6c5c31d6edecf1.pdf>

Утврдено е дека во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за материјално необезбедено се смета домаќинство чија вкупна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во месецот пред поднесување на барањето за остварување на правото на гарантирана минимална помош и во месецот пред тековниот месец на користењето на правото, е пониска од висината на утврдената гарантирана минимална помош.

Дополнително, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), носителот на правото е должен да извести за промената на бројната состојба на домаќинството и имотната состојба за себе и сите членови во домаќинството која влијае врз користење на правото на гарантирана минимална помош, во рок од 30 дена сметано од настанувањето на промената, до надлежниот центар за социјална работа. Исто така, утврдено е дека во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), право на гарантирана минимална помош може да оствари домаќинство во кое член на домаќинството е избришан од евиденцијата на невработени лица поради нередовно пријавување или на кој работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос, и корисникот на правото не е должен да се евидентира како невработено лице во надлежниот центар за вработување.

Дополнувањата на Законот предвидуваат дека во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), домаќинството кое користи гарантирана минимална помош остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и за месеците од април до септември.

## 2.9 Подзаконски акти

За остварување на сите права согласно Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата и Законот за социјална сигурност на стари лица, начинот за остварување на правата, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дополнителна документација, како и начинот на работа се утврдуваат со посебни подзаконски акти и правилници, за секое право одделно.

# 03 Институционална рамка

Државата се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно начелото на социјална праведност, го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање. Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со закон. Носители на социјалната заштита се државата, општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со закон. Надлежност за вршење работи од областа на социјалната заштита имаат: Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности, установите за социјална заштита, Центарот за поддршка на згрижувачки семејства, згрижувачки семејства, здруженија, физички лица и други.

Во овој дел ќе направиме преглед на надлежностите на оние институции кои се надлежни за остварување на паричните права од социјална и детска заштита.

## Министерство за труд и социјална политика

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) во рамките на својата надлежност е должно да им обезбеди на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставно загарантирани права. Од вкупно 16 сектори, три се директно поврзани со вршењето на работите во системот на социјална заштита: Сектор за социјална заштита, Сектор за заштита на деца и Сектор за инспекциски надзор.

Во Секторот за социјална заштита постои посебно Одделение за остварување на правата од социјална заштита, согласно законските надлежности утврдени со Законот за општа управна постапка и Законот за социјална заштита. Работите во надлежност на секторот се вршат преку:

- спроведување надзор над законитоста во работењето на ЦСР во делот на правата од социјална заштита;
- учества во работата на работните групи и тела за изготвување на закони и подзаконски акти од областа на социјалната заштита;
- учествува во работата на работните групи и тела за изготвување на социјални програми за остварување на одделни видови на социјални помош и предлага мерки за унапредување на нивното остварување;
- решавање предмети и изработка на решенија во второстепена постапка за правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, правото на постојана парична помош, правото на социјална парична помош и правото на еднократна парична помош;

- следење и проучување на начинот на остварување на правата од социјалната заштита во ЦСР;
- се остварува комуникација со сите релевантни органи на државната управа кои ги третираат проблемите од областа на остварување на правата од социјална заштита; со меѓународни владини и невладини институции кои работат на полето на остварување на правата од социјалната заштита.

## Центар за социјална работа

Центарот за социјална работа се основа како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита. Центарот може да се основа ако се исполнети општите услови за основање на јавна установа за социјална заштита, а задолжително ги има најмалку следните основни образовни профили: социјален работник, психолог, педагог и правник, кои треба да имаат најмалку високо образование и лиценца за работа. Центарот може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини.

Од делокругот на јавните овластувања, центарот за социјална работа ги врши следните работи:

- решава за правата од социјална заштита утврдени со Законот за социјална заштита;
- решава за правата утврдени со Законот за заштита на децата;
- решава за парична помош на лицата со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита, утврдени со Законот за азил и привремена заштита;
- решава за работите утврдени со семејноправните прописи;
- постапува по работите од својата надлежност утврдени со кривичноправните прописи;
- води евиденција и прибира документација за корисниците на социјална и семејноправна заштита за применетите облици на социјална заштита;
- врши и други работи утврдени со закон.

Центарот за социјална работа може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини. Според информациите добиени од МТСП, на територијата на Република Северна Македонија распределени се 30 меѓуопштински центри за социјална работа, во кои се вработени 1.184 лица, од кои 30 се Роми, при што застапеноста на ниво на сите центри изнесува 2,5 %.

*Табела 1:*
*Преглед на вработени лица во центрите за социјална работа, според етничка припадност*

| Центар за социјална работа | Вкупен број на вработени | Број на вработени Роми |
|---|---|---|
| 1. Берово | 34 | 2 |
| 2. Битола | 59 | 2 |
| 3. Македонски Брод | 14 | 0 |
| 4. Виница | 17 | 1 |
| 5. Валандово | 13 | 0 |
| 6. Гевгелија | 21 | 0 |
| 7. Гостивар | 42 | 3 |
| 8. Дебар | 23 | 2 |
| 9. Делчево | 38 | 1 |
| 10. Демир Хисар | 8 | 0 |
| 11. Крушево | 21 | 0 |
| 12. Куманово | 89 | 4 |
| 13.Кочани | 29 | 1 |
| 14. Кичево | 30 | 0 |
| 15. Кавадарци | 44 | 0 |
| 16. Кратово | 20 | 0 |
| 17. Неготино | 20 | 0 |
| 18. Охрид | 28 | 0 |
| 19. Прилеп | 50 | 0 |
| 20. Пробиштип | 23 | 0 |
| 21. Ресен | 23 | 0 |
| 22. Радовиш | 17 | 0 |
| 23. Скопје | 251 | 6 |
| 24. Струга | 24 | 0 |
| 25. Струмица | 33 | 0 |
| 26. Свети Николе | 23 | 0 |
| 27. Велес | 55 | 3 |
| 28. Тетово | 67 | 2 |
| 29. Штип | 36 | 3 |
| 30. Крива Паланка | 32 | 0 |
| Вкупно | 1.184 | 30 |

## Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос е надлежна за решавање предмети и изработка на решенија во второстепена постапка за права од социјалната и детската заштита.

# 04 Истражување за искористеноста на правата од социјална заштита

## 4.1 Методологија на истражувањето

Во периодот од март до јуни 2021 година беше спроведено истражувањето „Искористеност на правата од социјална заштита од страна на ромската заедница за период 2019 – 2020 година“. Во истражувањето се користеше интегративен пристап, кој вклучува комбинација на три методи, и тоа:



Деск-истражувањето вклучува анализа на правната рамка со која се регулира системот на социјална заштита, вклучувајќи ги Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за социјална сигурност на стари лица, како и уредбите што се донесоа во 2020 година за време на ковид-пандемијата. Во овие рамки беше анализирана и институционалната поставеност, како и бројот на вработени во центрите за социјални работи, за да се утврди институционалниот капацитет во спроведување на законите и правата на паричен надомест кои произлегуваат од нив. Заради прибирање податоци за добивање на основни статистички податоци, доставивме и барање до МТСП за утврдување на бројот на корисници на социјалните права.

Квантитативниот дел вклучува анализа на Прашалникот за искористеност на правата од социјална заштита (Прилог 1), кој се спроведе во текот на месец мај 2021 година, со примена на комбиниран пристап на теренско и телефонско анкетирање. Анкетирањето се одвиваше теренски и телефонски. Избран е намерен стратификуван примерок, при што главен критериум беше испитаниците да бидат корисници (или апликанти) на некое од достапните социјални права, а во однос на демографските карактеристики фокусот беше ставен кон тоа бројот на испитаници да изнесува 2 % од ромското население во избраните општини. Исто така, поради големината на примерокот, останатите демографски карактеристики, како што се пол и возраст, беа изедначени, односно имаше приближен процент на испитаници од различен пол и возраст.

Ангажираните анкетари поминаа еднодневна обука на која беше разгледан прашалникот, што беше составен од вкупно 38 прашања поделени во 5 поглавја. Првото поглавје беше составено од прашања што ги испитуваат демографските карактеристики на испитаниците, второто поглавје ги опфаќаше прашањата кои се наменети за периодот пред аплицирање за одредено социјално право, третото поглавје го опфаќаше процесот на аплицирање, четвртото поглавје беше составено од прашања наменети за информации поврзани со исходот од аплицирање, и последното поглавје беше наменето за испитување на ефектот на пандемијата предизвикана од ковид-19 врз искористеноста на социјалните права. Во апсолутни бројки, примерокот на испитаници е составен од 517 жени и 433 мажи.

Квалитативната анализа опфаќа анализа на податоци од целните групи коишто се спроведоа во четири различни региони од Република Северна Македонија – Скопскиот, Пелагонискиот, Источниот и Западниот Регион. Во рамки на четирите целни групи беа вклучени вкупно 24 учесници, од различен пол, општина на живеење и различни користени права. Целта на овие целни групи беше да се добијат податоци за искуството во процесот на аплицирање, за односот на вработените, како и за времето на чекање за процесирање на барањата во однос на различни права.

## 4.2 Преглед на искористеност на правата од социјална заштита

Во овој дел од истражувањето ќе бидат претставени податоците добиени од страна на Министерството за труд и социјална политика по одредени права од социјалната заштита за 2019 и 2020 година, каде што има корисници Роми. Овие податоци се индикатор за компарација пред и за време на пандемијата, и треба да дадат одговор дали олеснителните околности за време на пандемијата во 2020 година имале ефект кај ромската заедница.

Во однос на уредбите кои се донесоа и олеснителните околности, во овој дел прикажани се податоци за корисници на гарантирана минимална помош, образовен додаток, паричен надомест за помош и нега од друго лице и корисниците на социјална пензија поделени по центри за социјална работа, година и етничка припадност.

*Табела 2:*
*Распределба на правото на гарантирана минимална помош по центри за социјална работа и по етничка припадност*

| Центар за социјална работа | Вкупно корисници во 2019 г. | Вкупно корисници во 2020 г. | Промена во % | Корисници Роми во 2019 г. | Корисници Роми во 2020 г. | Промена во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 141 | 163 | 16 % | 35 | 40 | 14 % |
| Битола | 1.140 | 1.463 | 28 % | 533 | 704 | 32 % |
| Велес | 991 | 1.263 | 27 % | 191 | 283 | 48 % |
| Гостивар | 1.128 | 1.758 | 56 % | 202 | 291 | 44 % |
| Ѓорче Петров | 150 | 187 | 25 % | 36 | 49 | 36 % |
| Кичево | 445 | 534 | 20 % | 216 | 247 | 14 % |
| Кочани | 463 | 572 | 24 % | 178 | 231 | 30 % |
| Куманово | 2.456 | 2.727 | 11 % | 525 | 575 | 10 % |
| Прилеп | 1.349 | 1.693 | 26 % | 610 | 767 | 26 % |
| Гази Баба | 582 | 642 | 10 % | 132 | 149 | 13 % |
| Карпош | 90 | 132 | 47 % | 21 | 32 | 52 % |
| Центар | 158 | 204 | 29 % | 69 | 82 | 19 % |
| Чаир | 1.678 | 1.773 | 23% | 139 | 171 | 23 % |
| Шуто Оризари | 1.501 | 1.919 | 28 % | 1.218 | 1.577 | 29 % |
| Тетово | 1.214 | 1.486 | 22 % | 56 | 81 | 45 % |
| Вкупно и просек | 13.468 | 16.516 | 25 % | 4.161 | 5.279 | 29 % |

Во однос на правото на гарантирана минимална помош, како што може да се забележи од делот на правната анализа, беа донесени одредени олеснувања кои имаа за цел материјално да ги обезбедат и лицата кои беа погодени од ковид-пандемијата. Како што може да се забележи од табела 2 во однос на вкупните корисници споредбено за двете години, има зголемување на бројот на корисници од 25 %, додека кај корисниците Роми ова зголемување е поголемо и изнесува 29 %. Во делот на вкупните корисници, како што може да се забележи од табела 2, најголемо зголемување на бројот на вкупни корисници има во општините Гостивар, Скопје – Карпош, каде што зголемувањето изнесува повеќе од 40 %. Во однос на зголемувањата на бројот на корисници Роми, најголем пораст може да се забележи во општините Велес, Тетово, Гостивар, Скопје – Карпош, Битола и Кочани, каде што зголемувањето е повеќе од 30 %. Оттука, генерален заклучок е дека олеснителните околности имале удел во зголемувањето на бројот на корисници, при што донесената уредба треба да продолжи за времетраење на ковид-пандемијата.

*Табела 3:*
*Распределба на правото на образовен додаток по центри за социјална работа и по етничка припадност*

| Центар за социјална работа | Вкупно корисници во 2019 г. | Вкупно корисници во 2020 г. | Промена во % | Корисници Роми во 2019 г. | Корисници Роми во 2020 г. | Промена во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 95 | 105 | 11 % | 14 | 15 | 7 % |
| Битола | 650 | 779 | 20 % | 352 | 419 | 19 % |
| Велес | 467 | 581 | 24 % | 90 | 119 | 32 % |
| Гостивар | 566 | 624 | 10 % | 114 | 126 | 11 % |
| Ѓорче Петров | 60 | 84 | 40 % | 24 | 33 | 38 % |
| Кичево | 286 | 317 | 11 % | 158 | 173 | 9 % |
| Кочани | 239 | 291 | 22 % | 104 | 123 | 18 % |
| Куманово | 1.384 | 1.639 | 18 % | 309 | 324 | 5 % |
| Прилеп | 816 | 856 | 5 % | 380 | 435 | 14 % |
| Гази Баба | 424 | 427 | 1 % | 77 | 75 | -3 % |
| Карпош | 48 | 60 | 25 % | 12 | 17 | 42 % |
| Центар | 104 | 122 | 17 % | 41 | 53 | 29 % |
| Чаир | 1.137 | 1.186 | 4 % | 89 | 89 | 0 % |
| Шуто Оризари | 929 | 968 | 4 % | 680 | 711 | 5 % |
| Тетово | 1.052 | 974 | -7 % | 53 | 44 | 4 % |
| Вкупно и просек | 8.257 | 9.013 | 14 % | 2.497 | 2.767 | 15 % |

Во однос на правото на образовен додаток, како што може да се забележи од табела 3 во однос на вкупните корисници споредбено за двете години, има зголемување на бројот на корисници од 14 %, додека кај корисниците Роми ова зголемување е поголемо и изнесува 15 %. Во однос на зголемувањата на бројот на корисници Роми, најголем пораст може да се забележи во општините Карпош, Велес, Центар, Ѓорче Петров и Кочани, каде што зголемувањето е повеќе од 30 %, додека намалување на бројот на Роми корисници има во општина Гази Баба. Во делот на вкупни корисници, најголемо зголемување има во Општина Ѓорче Петров (40 %), додека во останатите општините зголемување е повеќе од 20 %, и тоа во Велес, Битола, Кочани и Карпош, додека во Општина Тетово има намалување на бројот на корисници за 7 %.

Табела 4 дава приказ на правата на паричен надомест за помош и нега од друго лица. Како што може да се забележи, во однос на бројот на вкупни корисници има намалување од 4 %, додека намалувањето кај бројот на корисници Роми изнесува 5 %. Во однос на вкупниот број на намалување, најголема разлика има во Општина Шуто Оризари, потоа во Чаир, Ѓорче Петров и Гази Баба, каде што намалувањето е поголемо од 10 %. Во одредени општини, како Битола, Велес, Кочани, Прилеп има незначително зголемување до 3 %, додека најголемо зголемување има во Кичево и Тетово. Според етничката припадност, во делот на корисници Роми најголемо намалување има во Општина Карпош, потоа во Чаир, Шуто Оризари, Ѓорче Петров и Гази Баба, каде што намалувањето е поголемо од 20 %. Најголемо зголемување има во Берово, Велес и Тетово.

Во делот на бројот на корисници Роми, податоците низ општините во Градот Скопје укажуваат на значително намалување на бројот на корисници, при што правата за паричен надомест најчесто се продолжуваат. Причините за намалување може да бидат задоцнување во процесот или непочитување на роковите за продолжување, укинато право по утврден увид или заминување на лицата надвор од државата. Сепак, за да се утврдат вистинските причини потребни се дополнително истражување и анализа.

*Табела 4:*
*Распределба на правата на паричен надомест за помош и нега од друго лице според центри за социјална работа и по етничка припадност*

| Центар за социјална работа | Вкупно корисници во 2019 г. | Вкупно корисници во 2020 г. | Промена во % | Корисници Роми во 2019 г. | Корисници Роми во 2020 г. | Промена во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 490 | 457 | -7 % | 4 | 6 | 50 % |
| Битола | 2.202 | 2.275 | 3 % | 110 | 111 | 1 % |
| Велес | 1.888 | 1.918 | 2 % | 47 | 53 | 13 % |
| Гостивар | 1.156 | 1.139 | -1 % | 39 | 33 | -15 % |
| Ѓорче Петров | 1.194 | 1.030 | -14 % | 40 | 31 | -23 % |
| Кичево | 754 | 857 | 14 % | 73 | 76 | 4 % |
| Кочани | 975 | 991 | 2 % | 41 | 42 | 2 % |
| Куманово | 2.876 | 2.785 | -3 % | 88 | 85 | -1 % |
| Прилеп | 1.349 | 1.693 | 26 % | 610 | 767 | 26 % |
| Гази Баба | 1.809 | 1.572 | -13 % | 41 | 31 | -24 % |
| Карпош | 1.237 | 1.097 | -11 % | 11 | 8 | -27 % |
| Центар | 814 | 732 | -10 % | 22 | 19 | -14 % |
| Чаир | 1.622 | 1.301 | -20 % | 68 | 51 | -25 % |
| Шуто Оризари | 643 | 503 | -22 % | 440 | 353 | -20 % |
| Тетово | 2.356 | 2.672 | 13 % | 17 | 19 | 12 % |
| Вкупно и просек | 22.441 | 21.777 | -4 % | 1.158 | 1.034 | -5 % |

Социјалната пензија е новитет што се воведе со реформите во системот на социјална заштита. На почетокот, многу мал дел од вкупното население, а особено припадниците на ромската заедница, беа запознаени со ова право. Во однос на 2019 година може да се забележи дека има зголемување кај корисниците на ова право, и тоа 32 % кај вкупното население, додека кај ромското население ова зголемување изнесува 37 %. Во однос на општините во делот на вкупен број на корисници може да се забележи дека во Битола, Гостивар, Кичево, Куманово, Чаир и Шуто Оризари има зголемување на бројот на корисници за повеќе од 35 %.

*Табела 5:*
*Распределба на правата на социјална пензија по центри за социјална работа и по етничка припадност*

| Центар за социјална работа | Вкупно корисници во 2019 г. | Вкупно корисници во 2020 г. | Промена во % | Корисници Роми во 2019 г. | Корисници Роми во 2020 г. | Промена во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 25 | 26 | 4 % | 1 | 2 | 100 % |
| Битола | 155 | 219 | 41 % | 28 | 38 | 36 % |
| Велес | 152 | 170 | 12 % | 27 | 27 | 0 % |
| Гостивар | 291 | 468 | 61 % | 8 | 9 | 13 % |
| Ѓорче Петров | 26 | 30 | 15 % | 3 | 4 | 33 % |
| Кичево | 70 | 97 | 39 % | 17 | 22 | 29 % |
| Кочани | 114 | 146 | 28 % | 14 | 25 | 79 % |
| Куманово | 271 | 377 | 39 % | 38 | 44 | 16 % |
| Прилеп | 225 | 262 | 16 % | 55 | 64 | 16 % |
| Гази Баба | 99 | 118 | 19 % | 9 | 12 | 33 % |
| Карпош | 26 | 31 | 19 % | 2 | 3 | 50 % |
| Центар | 33 | 34 | 32 % | 10 | 13 | 30 % |
| Чаир | 115 | 191 | 66 % | 7 | 11 | 57 % |
| Шуто Оризари | 85 | 136 | 60 % | 66 | 105 | 59 % |
| Тетово | 610 | 745 | 22 % | 9 | 9 | 0 % |
| Вкупно и просек | 2.298 | 3.061 | 32 % | 294 | 388 | 37 % |

Во однос на зголемувањето на бројот на корисници Роми, тоа е најголемо во Берово, Кочани, Шуто Оризари, Чаир и Карпош, и тоа за повеќе од 50 %, додека во општините Велес и Тетово бројот на корисници Роми останал непроменет.

## 4.3 Наоди од истражувањето

### Распределба на анкетираните лица според демографските карактеристики

Со истражувањето беа опфатени 1.047 Роми, меѓутоа по филтрирањето на базата на податоци, во финалната анализа беа анализирани одговорите на 950 испитаници, додека 97 беа исклучени поради технички недостатоци. Анкетирањето се одвиваше на територија на Република Северна Македонија, опфаќајќи ги следниве општини: скопски општини (Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Чаир и Шуто Оризари), Берово, Битола, Велес, Виница, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп и Тетово. Во просек, беа опфатени 6 % од Ромите во 16 општини, при што најголема опфатеност имаше во Шуто Оризари (19 %), додека најмала беше опфатеноста во Општина Карпош (3 %).

*Табела 6:*
*Преглед на анкетираните лица според општини*

| Општини | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| Берово | 41 | 4 % |
| Битола | 79 | 8 % |
| Велес | 38 | 4 % |
| Виница | 40 | 4 % |
| Гази Баба | 54 | 6 % |
| Гостивар | 59 | 6 % |
| Ѓорче Петров | 41 | 4 % |
| Карпош | 27 | 3 % |
| Кичево | 58 | 6 % |
| Кочани | 57 | 6 % |
| Куманово | 78 | 8 % |
| Прилеп | 78 | 8 % |
| Тетово | 42 | 4 % |
| Центар | 39 | 4 % |
| Чаир | 36 | 4 % |
| Шуто Оризари | 182 | 19 % |

Според полот, 46 % од испитаниците се мажи, додека 54 % се жени, или во апсолутни бројки со истражувањето беа опфатени 517 жени и 433 мажи. Во однос на возраста, распределбата на испитаниците е претставена во табела 7, од која може да се забележи дека најголема процентуална застапеност има од возрасната група меѓу 31 и 40-годишна возраст со 27 %, и возрасната група од 41 до 50-годишна возраст. Најмала опфатеност има на испитаниците над 60 години, со 7 %.

*Табела 7:*
*Преглед на анкетирани лица според возрасни групи*

| Возрасни групи | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| 18-24 | 106 | 11 % |
| 25-30 | 160 | 17 % |
| 31-40 | 258 | 27 % |
| 41-50 | 218 | 23 % |
| 51-60 | 137 | 14 % |
| 60+ | 68 | 7 % |

Во однос на степенот на образование, најголем број од испитаниците (36 %) се со основно образование, 27 % се без образование, а 26 % се со нижо основно образование. Според податоците од графикон 1, околу 89 % од испитаниците се без образование и со минимум основно образование, додека 10 % се со средно образование, а само 1 % се со високо образование.

*Графикон 1:*
*Преглед на анкетираните лица според степенот на образование*



Во долунаведената табела прикажани се податоци за бројот на корисници на паричен надоместок од правата за социјална заштита за периодот 2019 – 2020, при што се однесуваат на корисници на само едно од правата. Како што може да се забележи, во 2019 година 369 (38,8 %) Роми од испитаниците биле корисници на гарантирана минимална помош, додека 99 (10,4 %) Роми биле корисници на родителски додаток за трето дете. Во 2020 година повторно најголемиот дел од испитаниците се корисници на гарантирана минимална помош – 480 (50,8 %), додека 109 (11,5 %) Роми биле примателни на родителски додаток за трето дете. Од друга страна, најмалку искористено право е додаток за домување (2019 година – 0,2 %, 2020 година – 0,3 %).
Во текот на 2020 година имаме зголемување на бројот на корисници на гарантирана минимална помош (30 %), детскиот и образовниот додаток е зголемен за 4 пати, додека најголемо зголемување има во делот на еднократна парична помош за новороденче. Најголемо намалување има во бројот на корисници на надоместок заради попреченост (50 %), следува бројот на корисници на социјалната сигурност за старите лица за 27 %, додека 14 % го изгубиле правото за надоместок за помош и нега од друго лице. Од табела 8 може да се заклучи дека намалувањето на бројот на корисници во однос на долунаведените права се должи на неинформираност, пред сè поради периодот за кој се определуваат. Порастот на процентот во однос на останатите социјални права се движи од минимален раст од 11 % до 300 %.

*Табела 8:*
*Преглед на анкетираните лица според степенот на образование*

| Вид на помош | Број на корисници Роми во 2019 г. | Број на корисници Роми во 2020 г. | Зголемување/ намалување на бројот на корисници |
|---|---|---|---|
| Гарантирана минимална помош | 369 | 480 | 30 % |
| Еднократна парична помош поради болест, незгода и семејство во ризик | 4 | 9 | 125 % |
| Надомест за помош и нега од друго лице | 21 | 18 | -14 % |
| Надоместок заради попреченост | 6 | 3 | -50 % |
| Социјална сигурност за старите лица | 55 | 40 | -27 % |
| Додаток за домување | 2 | 3 | 50 % |
| Родителски додаток за трето дете | 99 | 109 | 10 % |
| Детски додаток | 10 | 23 | 130 % |
| Образовен додаток | 7 | 15% | 114 % |
| Еднократна парична помош за новороденче | 6 | 24 | 300 % |
| Посебен додаток | 5 | 9 | 80 % |

*Број на корисници Роми на повеќе права од системот за социјална заштита*

| Вид на помош | Број на корисници Роми во 2019 г. | Број на корисници Роми во 2020 г. | Зголемување/ намалување на бројот на корисници |
|---|---|---|---|
| Не бев корисник на ниту едно од правата | 256 | 91 | -64 % |
| Гарантирана минимална помош, образовен додаток, детски додаток | 24 | 24 | 0 % |
| Гарантирана минимална помош, детски додаток | 14 | 17 | 20 % |
| Образовен додаток, детски додаток, родителски додаток за трето дете | 9 | 0 | -100 % |
| Гарантирана минимална помош, надоместок за помош и нега од друго лице | 8 | 6 | -25 % |
| Гарантирана минимална помош, образовен додаток | 8 | 9 | 25 % |
| Социјална сигугност за старите лица, родителски додаток за трето дете | 7 | 0 | -100 % |
| Гарантирана минимална помош, социјална сигурност за старите лица | 4 | 0 | -100 % |
| Детски додаток, родителски додаток за трето дете | 4 | 9 | 150 % |
| Гарантирана минимална помош, надоместок заради попреченост | 3 | 2 | -33 % |
| Гарантирана минимална помош, посебен додаток | 3 | 3 | 0 % |
| Образовен додаток, детски додаток | 2 | 17 | 500 % |
| Образовен додаток, родителски додаток за трето дете | 3 | 3 | 0 % |
| Гарантирана минимална помош, еднократна парична помош за новороденче | 2 | 6 | 200 % |
| Социјална сигурност за старите лица, детски додаток | 2 | 0 | -100 % |
| Социјална сигурност за старите лица, еднократна парична помош за новороденче | 2 | 0 | -100 % |
| Гарантирана минимална помош, еднократна парична помош поради болест, непогода и семејство во ризик | 2 | 0 | -100 % |

Доколку се направи споредба во однос на поединечните права, може да се забележи тренд на зголемување на бројот на корисници на социјални права – конкретно, вкупно на 8 од 11 права е забележан зголемен процент на искористеност во 2020 година во споредба со 2019 година.

## Преглед на искуството на ромската заедница пред процесот на аплицирање

Во поглед на информираноста, податоците укажуваат дека информациите поврзани со социјалните права Ромите најчесто ги добиваат од центрите за социјална заштита, невладините организации и од пријатели/познајници. Меѓутоа, доколку се анализира од кого сметаат дека треба да ги добијат потребните информации, може да се забележи највисока дискрепанца, конкретно, 41 % ги добиваат информациите од центрите за социјална заштита, а дури 71 % сметаат дека информациите треба да ги добијат од оваа институција наместо од останатите достапни извори. Ова укажува на тоа дека граѓаните имаат повисоки очекувања од центрите за социјална заштита, односно очекуваат поотворен пристап за добивање на потребни информации поврзани со правата за кои аплицираат.

По спроведените разговори со целните групи, добиени се низа изјави од вклучените граѓани, од кои би можело да се утврди дека редоследот на информирање е главно следниов: најпрвин се информираат од медиумите за одредено право, потоа се упатуваат до локалните невладини организации или локални активисти, како и од познајници, а дури на крајот се упатуваат до центрите за социјална работа.

*„Прво дознав од медиумите, потоа од невладините организации, а најголем удел во процесот имаа ромските активисти коишто се дел од невладините организации. Информациите ги добивме од невладините организации пред да аплицираме, после тоа ги собравме сите документи и аплициравме во Центарот за социјална работа во Прилеп.“*

*- Дехран (35 години, корисник на ГМП)*

*„Јас сум корисник на социјалната парична помош, веќе повеќе време сум корисник и тоа информациите претежно ги добивам од невладиниот сектор и од пријателите што ги имам.“*

*- Осман (45 години, корисник на ГМП)*

*Графикон 2:*
*Информирање во однос на правата од социјална заштита*




Исказите на вклучените покажуваат дека имало случаи кога не добивале дополнителни информации за можностите за аплицирање.

*„За правото на родителски додаток за трето дете дознав преку медиумите, побарав документи (формулари за аплицирање) од Центарот за социјална работа, а потоа преку Иницијативата на жени – Шуто Оризари дознав дека можам да аплицирам и за образовен и детски додаток, по што аплицирав и за тие права. Ми одобрија, меѓутоа морам да признаам дека имав голема помош и од Иницијативата.“*

*- Елвира (37 години, корисничка на родителски додаток за трето дете, образовен и детски додаток)*

Впечатливо е и тоа што, иако досегашната пракса функционирала на горенаведениот начин, односно информациите биле добивани од медиуми, невладини организации, ромски активисти или нивни познајници/пријатели, граѓаните Роми сметаат дека ваквата пракса е погрешна, односно дека треба информациите да ги добиваат пред сѐ од центрите за социјална работа.

*„Сметам дека треба самото Министерство или Владата да покренат иницијатива и да ја јакне свеста и да ги информира граѓаните за права за кои можат да аплицираат.“*

*- Дехран (35 години, корисник на ГМП)*

Две информации се издвојуваат како најчести за граѓаните Роми во периодот пред аплицирање, а тоа се: местото каде што треба да се поднесат документите, и потребните документи за аплицирање. Најретката информација со којашто располагаат Ромите се обврските и роковите што произлегуваат од социјалното право, а ова е важен податок со оглед на тоа што неретко се случува ромските семејства да го загубат правото на одредена повластица, а ваквиот податок укажува дека можна причина е непознавањето на обврските и роковите што се неопходни за одржување на правото.

*Графикон 3:*
*Со какви информации располагавте пред да аплицирате за социјално право?*




Изјавите во рамките на целните групи се во конзистентност со резултатите прикажани на табелата. Поконкретно, граѓаните под информација подразбираат главно познавање на тоа кои документи се потребни за да се аплицира за одредени право, но не и на обврските што произлегуваат од тоа право, времето на чекање, критериумите итн.

Во продолжение следуваат имплицитни изјави од кои се гледа дека под информации се подразбира главно познавањето на тоа кои документи се потребни за аплицирање.

*„Ги имавме сите информации, ги добивме пред да аплицираме, а после тоа ги собравме сите документи и аплициравме во Центарот за социјални работи.“*

*- Дехран (35 години, корисник на ГМП)*

*„Бевме информирани, меѓутоа сами ги извадивме тие документи, појдовме во социјалното, ни објаснија и се потрудивме да ги извадиме сите документи.“*

*- Сенада (35 години, корисничка на родителски додаток за трето дете)*

*Табела 9:*
*Што сметате дека е клучно за да одлучите да аплицирате?*

| Потребно е (да знам)... | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Ниту се согласувам, ниту не се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Каква е процедурата за аплицирање | 1 % | 3 % | 5 % | 39 % | 53 % |
| Дали ги исполнувам потребните критериуми и услови | 1 % | 2 % | 6 % | 37 % | 55 % |
| Колку изнесува финансискиот надомест | 0 % | 2 % | 6 % | 36 % | 55 % |
| Вработените во центарот да имаат соодветен однос | 0 % | 0 % | 3 % | 35 % | 62 % |

Одговорите на испитаниците Роми укажуваат дека клучно за аплицирањето им е вработените да имаат соодветен однос. Овој податок е впечатлив поради тоа што односот на вработените во центарот се вреднува повисоко и од познавањето на процедурата, исполнувањето на критериумите и слично. Значи, клучно за аплицирањето е вработените да имаат соодветен однос со нив, што го потврдуваат и изјавите од целните групи.

*„Документацијата ја собравме некако, ние имавме документи ама секој ден ни бараа по еден нов документ, наместо одеднаш да ни беше кажано. Реакцијата беше остра, потребно е да имаш познаник за да завршиш работа.“*

*- Сенада (35 години, корисничка на ГМП)*

Според прикажаните општи проценти за сите испитаници, 56 % од граѓаните Роми сметаат дека процесот е лесен или донекаде лесен, а 44 % сметаат дека е тежок или многу тежок.

*Графикон 4:*
*Каков беше процесот за собирање на целокупната документација?*




На прашањето „Каков беше процесот за собирање на целокупната документација?", највисок процент на одговори кои укажуваат дека процесот е лесен има од испитаниците кои живеат во Општина Гостивар (97 %), потоа во Велес (95 %) и Чаир (72 %). Од друга страна, перцепцијата дека процесот е тежок е највисока кај испитаниците кои живеат во општините Виница (75 %), Гази Баба (72 %) и Куманово (68 %).

Во повеќе од центрите за социјална заштита од горенаведените општини, процентуалната застапеност е главно постигната, иако се поставува дополнително прашање во однос на работната позиција на вработените Роми во овие институции. Виница, според податоците, е општина во којашто е највисок процентот на испитаници кои сметаат дека процесот за аплицирање е тежок, а Центарот за социјална заштита од оваа општина е еден од центрите во коишто не е реализирана правичната застапеност на Ромите.

*Табела 10:*
*Процесот за собирање на целокупната документација според општини*

| Општини | Лесен | Лесен (апсолутни бројки) | Тежок | Тежок (апсолутни бројки) |
|---|---|---|---|---|
| Берово | 68 % | 28 | 32 % | 13 |
| Битола | 38 % | 30 | 62 % | 49 |
| Велес | 95 % | 36 | 5 % | 2 |
| Виница | 25 % | 10 | 75 % | 30 |
| Гази Баба | 28 % | 15 | 72 % | 39 |
| Гостивар | 97 % | 57 | 3 % | 2 |
| Ѓорче Петров | 59 % | 24 | 41 % | 17 |
| Карпош | 41 % | 11 | 59 % | 16 |
| Кичево | 60 % | 35 | 40 % | 23 |
| Кочани | 35 % | 20 | 65 % | 37 |
| Куманово | 32 % | 25 | 68 % | 53 |
| Прилеп | 65 % | 51 | 35 % | 27 |
| Тетово | 65 % | 26 | 35 % | 14 |
| Центар | 62 % | 24 | 38 % | 15 |
| Чаир | 72 % | 26 | 28 % | 10 |
| Шуто Оризари | 63 % | 114 | 37 % | 68 |

Според образованието, може да се види дека образованието има улога во однос на процесот на собирање на документација за аплицирање за одредено право. За испитаниците без образование е најтежок процесот на собирање (58 % одговориле „Тежок“), потоа следуваат испитаниците со основно образование од I до IV одд. (45 % одговориле „Тежок“), со основно образование од V до VIII одд. (38 % одговориле „Тежок“) и со средно образование (31 % одговориле „Тежок“).

*Табела 11:*
*Процесот за собирање на целокупната документација според степен на образование*

| Степен на образование | Лесен | Тежок |
|---|---|---|
| Без образование | 42 % | 58 % |
| Основно образование (I-IV одд.) | 55 % | 45 % |
| Основно образование (V-VIII одд.) | 62 % | 38 % |
| Средно образование | 69 % | 31 % |

Процентот на одговори на испитаници кои сметаат дека финансиските трошоци се високи или многу високи изнесува 40 %, додека, од друга страна, 60 % од испитаниците сметаат дека трошоците се минимални или ниски.

*Табела 12:*
*Дали сметате дека финансиските трошоци за собирање на целокупната документација се:*

| | |
|---|---|
| **Минимални** | **35 %** |
| **Високи** | **30 %** |
| **Ниски** | **25 %** |
| **Многу високи** | **10 %** |

## Клучни поенти

- За 8 од 11 права е зголемен бројот на корисници, при што најголемо зголемување има за правото на гарантирана минимална помош (пораст од 31 %). Бројот на корисници на оваа помош помеѓу вклучените испитаници е зголемен од 369 корисници во 2019 година на 480 корисници во 2020 година. Воедно, се забележува дека ГМП е правото за коешто и најчесто аплицираат граѓаните Роми, покрај правото на родителски додаток за трето дете.

- Вкупно 41% од испитаниците ги добиваат информациите поврзани со правата од центрите за социјална работа, а останатите ги добиваат од невладини организации, пријатели/роднини и други извори. Меѓутоа на прашањето „Од кого сметате дека треба да ги добивате информациите“, 71 % од испитаниците сметаат дека главен извор треба да биде Центарот за социјална работа.

- Двете главни информации што ги имаат испитаниците пред аплицирање се потребните документи за аплицирање и местото каде што треба да ги поднесат документите. Од друга страна, за поголем дел од испитаниците клучно за да се одлучат да аплицираат е вработените во центарот да имаат соодветен однос со нив.

- Во одредени општини (Виница, Гази Баба, Куманово и др.) процесот на аплицирање се проценува како потежок во споредба со останатите општини. Исто така, се бележи и тренд според кој испитаниците кои имаат повисок степен на образование полесно го проценуваат и процесот на аплицирање.

## Преглед на искуството на ромската заедница во текот на аплицирање и исходот од аплицирањето

Во однос на искуството со центрите за социјална работа, 64 % од испитаниците Роми одговориле дека вработените во центрите за социјална работа детално им ги објасниле условите и критериумите за остварување на правата од социјална и детска заштита.

Според изјавите од целните групи, се издвојуваат два поголеми проблема. Првиот проблем е тој што, според некои од погорните изјави од вклучените во целните групи, во дел од центрите наводно не се споделуваат сите информации со потенцијалните корисници на социјалните повластици. Вториот проблем, иако според графиконот имаме релативно висок процент на испитаници на кои им биле објаснети условите и критериумите на правата, е непознавањето на јазикот во делови од државата во кои живеат Ромите. Битола и Прилеп се издвојуваат како општини во коишто е највисок процентот на испитаници коишто одговориле со „Не“ на прашањето од графиконот.

Околу 87 % од испитаниците од Битола (69 од вкупно 79 испитаници) одговориле „Не“, а 78 % (61 од 78 испитаници) од Прилеп одговориле „Не“. Би можело да се претпостави дека јазикот би можел да биде бариера во овие две соседни општини, меѓутоа важен елемент е и самиот однос од страна на вработените во центрите, којшто вклучените во целната група од Пелагонискиот Регион го проценуваат како „арогантен“ и неприспособен на граѓаните со различен степен на информираност и завршен степен на образование.

*„Навистина можам да кажам односот им е многу арогантен, значи во сите државни институции првиот проблем е арогантноста. Кога одиш таму и кога бараш помош значи ти си навистина изгубен случај навистина не знаеш како, а они мислат дека секој кој што оди таму треба да е веќе информиран. Значи имаме луѓе со различно ниво и на образование и на разбирање на работите. Они треба да бидат достапни на секое ниво на образование на луѓето и нивниот социјален статус.“*

---

*- Сабина (35 години, корисничка на социјално право)*

*Графикон 5:*
*Дали знаете кој социјален работник е задолжен за вашиот предмет?*




Во однос на запознаеноста на испитаниците со социјалниот работник одговорен за нивниот предмет, 40 % од испитаниците не знаат кој социјален работник е задолжен за нивниот предмет, додека 60 % знаат кој социјален работник го работи нивниот предмет. Од клучна важност е познавањето на социјалниот работник, пред сè, поради информираност за евентуалните промени во однос на материјалната состојба и консултации за постапување.

*Табела 13:*
*Дали знаете кој социјален работник е задолжен за вашиот предмет според степен на образование*

| Степен на образование | Да | Не |
|---|---|---|
| Без образование | 46 % | 54 % |
| Основно образование (I-IV одд.) | 63 % | 37 % |
| Основно образование (V-VIII одд.) | 67 % | 33 % |
| Средно образование | 59 % | 41 % |

Според табелата, може да се забележи дека постои тренд на зголемена информираност со зголемување на образованието – кај испитаниците без образование, со основно образование од I до IV одд. и основно образование со завршени од V до VIII одделение. Отстапка од овој тренд има кај испитаниците со завршено средно образование, кај кои, иако процентот на „Да“ одговори е повисок од процентот на „Не“ одговори, сепак процентот е понизок во споредба со испитаниците со завршено основно образование. Во однос на општините, најмалку информирани околу тоа кој социјален работник го води нивниот случај се испитаниците од Прилеп (88 %) и скопските општини Карпош (93 %) и Гази Баба (85 %).

*Графикон 6:*
*На скала од 1 до 5 оценете ја работата на вработените во центарот за социјална работа*




Околу 38 % од испитаниците немаат јасно утврден став за работата на вработените во центрите за социјална работа во коишто аплицираат, 35 % ја оценуваат добро или многу добро нивната работа, додека 26 % имаат став дека работата на вработените е лоша или многу лоша. Според одговорите, највисок процент на одговори кои укажуваат на лошо искуство со вработените имаат граѓаните од Тетово (65 %) и скопските општини Карпош (70 %) и Гази Баба (56 %). Од друга страна, „добро“ или „многу добро“ одговориле 80 % од испитаниците од Гостивар и 71 % од испитаниците од Велес. Неутралниот став е најзачестен кај испитаниците од Кочани (61 %) и Прилеп (55 %).

*Табела 14:*
*Како би ја оцениле работата на вработениот во центарот за социјална работа*

| Општина на живеење | Лошо/ Многу лошо | Ниту лошо, ниту добро | Добро/ Многу добро |
|---|---|---|---|
| Берово | 2 % | 49 % | 49 % |
| Битола | 34 % | 51 % | 15 % |
| Велес | 0 % | 29 % | 71 % |
| Виница | 45 % | 53 % | 3 % |
| Гази Баба | 56 % | 22 % | 22 % |
| Гостивар | 8 % | 12 % | 80 % |
| Ѓорче Петров | 17 % | 39 % | 44 % |
| Карпош | 70 % | 19 % | 11 % |

| Општина на живеење | Лошо/ Многу лошо | Ниту лошо, ниту добро | Добро/ Многу добро |
|---|---|---|---|
| Кичево | 29 % | 45 % | 26 % |
| Кочани | 16 % | 61 % | 23 % |
| Куманово | 29 % | 33 % | 37 % |
| Прилеп | 14 % | 55 % | 31 % |
| Тетово | 65 % | 20 % | 15 % |
| Центар | 13 % | 38 % | 49 % |
| Чаир | 22 % | 36 % | 49 % |
| Шуто Оризари | 24 % | 35 % | 41 % |

Во однос на третманот од вработените во центрите за социјална работа, 15 % од испитаниците Роми лично почувствувале дискриминација по основ на етничка припадност од вработените во центрите за социјална работа, додека останатите 85 % на ова прашање одговориле негативно. Во однос на полот, 11 % од машките и 20 % од женските испитаници директно се почувствувале дискриминирани.

*Графикон 7:*
*Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани по основ на етничка припадност од вработените во центрите за социјална работа?*



*Табела 15:*
*Степен на дискриминираност на испитаници по општини*

| Општини | Да | Не |
|---|---|---|
| Берово | 22 % | 78 % |
| Битола | 19 % | 81 % |
| Велес | 0 % | 100 % |
| Виница | 65 % | 35 % |
| Гази Баба | 20 % | 80 % |
| Гостивар | 0 % | 100 % |
| Ѓорче Петров | 5 % | 95 % |
| Карпош | 22 % | 78 % |
| Кичево | 9 % | 91 % |
| Кочани | 14 % | 86 % |
| Куманово | 10 % | 90 % |
| Прилеп | 0 % | 100 % |
| Тетово | 40 % | 60 % |
| Центар | 15 % | 85 % |
| Чаир | 36 % | 64 % |
| Шуто Оризари | 12 % | 88 % |

По горeприкажаните три табели, односно одговори на прашањето „Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани по основ на етничка припадност од вработените во центрите за социјална работа?" низ призма на демографските карактеристики (пол, општина и степен на образование), може да се заклучи дека главно мажите се подискриминирани од жените за 9 %. Понатаму, 65 % од испитаниците кои живеат во Општина Виница одговориле дека се почувствувале дискримирани во последните 12 месеци во центрите за социјална работа. На крај, според образованието, граѓаните кои немаат завршено формално образование биле најдискриминирани во споредба со останатите испитаници.
Во однос на возраста, може да се забележи дека граѓаните кои се повозрасни од 46 години се возрасната група којашто е најдискриминирана.

Изјавите и на лицата вклучени во целните групи искажуваат дискриминација, а во конкретните случаи станувало збор за дискриминација при влез во центрите, односно припадници на неромски заедници главно добивале предност на сметка на Ромите.

*„Постои дискриминација, доколку сум јас на ред, а доаѓа некој од друга националност, тој влегува пред мене, а јас останувам да чекам. Ако сакам да се жалам кај надредени, тие не нè примаат во канцеларија.“*

*- Асип (50 години, корисник на ГМП)*

*„Имало дискриминација и ќе има, често нè враќаат со зборовите “ 'Дојдете утре', кога ни го земаат редот и ако се буниме, воопшто не нè примаат тој ден. „Односот е многу некоректен, дури и да даваме сугестии, не се прифаќаат.“*

*- Бекир (28 години, корисник на ГМП)*

Од анализата на податоците може да се забележи дека најчесто мажите кои се на возраст од 46 години и се без образование се подложни на дискриминација од страна на вработените во центрите за социјална работа.

*Графикон 7:*
*Дали имавте теренска посета од социјален работник за утврдување на подобност за користење на социјалните права?*




Околу 36 % од испитаниците имале теренска посета од социјален работник за утврдување на подобност за користење на социјалните права, а останатите 64 % одговориле дека таков вид на посета немале.

*Табела 16:*
*Вкрстена анализа: посета од социјален работник и исход од процесот на аплицирање*

| Исход | Дали имавте теренска посета од социјален работник за утврдување на подобност за користење на социјалните права |
|---|---|
| Да | 37 % |
| Добив позитивно решение | 31 % |
| Ме одбија | 3 % |
| Сѐ уште е во постапка | 3 % |
| Не | 63 % |
| Добив позитивно решние | 51 % |
| Ме одбија | 4 % |
| Сѐ уште е во постапка | 8 % |

Од анализата на податоците може да се забележи дека најчесто мажите кои се на возраст од 46 години и се без образование се подложни на дискриминација од страна на вработените во центрите за социјална работа.

Како што може да се забележи од вкрстената анализа, посетата на терен од страна на социјалниот работник нема улога во однос на исходот на решението од аплицирањето за некои од правата за социјална заштита. Од табелата може да се увиди дека поголем дел од луѓето кои не биле посетени од страна на социјалниот работник имаат позитивно решение, додека процентот на одбиени апликации е речиси ист.

Според анализата по општини, највисок процент на посети има во следниве општини: Берово (66 %), Кичево (53 %) и скопските општини Ѓорче Петров (54 %) и Чаир (58 %).

*Графикон 8:*
*Исход од процесот на аплицирање*



Од графиконот 8 може да се забележи дека 83 % од испитаниците одговориле дека исходот од нивната апликација за социјално право бил позитивен, 11 % одговориле дека нивниот случај е сè уште во постапка, а 6 % добиле негативно решение. Дополнително се поставува прашањето околу тоа колку добиеното решение е разбирливо за сите категории на граѓани. Изјавите на вклучените во целните групи го потврдуваат тврдењето според кое граѓаните Роми не го разбираат сосема решението што го добиваат од центрите.

*„Во ред е, они си го работат законскиот ред, како што треба меѓутоа нивото на писменост, на функционалната писменост не ни дозволува да го разбереме текстот што значи тоа, а они во ред е тој законскиот дел и некој на пример тој ќе чита и си вика што ми напишале овие, ниту знаат како се пишува жалба, често на пример има можности за жалби ама луѓето не знаат ниту како да го напишат тоа.“*

*- Фатима (40 години, корисничка на ГМП)*

*„Јас совршено го разбирам решението што го добивам и го читам нели целосно редоследно меѓутоа исто така и од друга страна сметам дека има доста необразовани Роми кои се приматели на социјална помош, кои воопшто не ни знаат да читаат и се обраќаат за помош во други релевантни институции, кај нив значи е многу тешко и да има проблем тие не ни знаат за тоа, подоцна се случува затоа што не го разбрале решението да им се прекине правото на социјална помош.“*

*- Селма (35 години, корисничка на родителски додаток за трето дете)*

*Графикон 9:*
*Причини за одбивање*



Од оние 6 %, или вкупно 54 лица од претходната табела коишто одговориле дека добиле негативно решение, 31 % одговориле дека причина за одбивањето било неисполнувањето на потребните критериуми (неподобност), 9 % одговориле дека причина била некомплетната документација, а високи 59 % одговориле дека добиле негативно решение поради други причини.

Дел од причините за одбивање во категоријата „друго“, според одговорите од анкетите: нејасно поделени домаќинства во рамки на иста куќа, трансакции на средства, живеење во државни социјални објекти, увид на недоследности од страна на социјалните работници, а дел од испитаниците одговориле дека причината за одбивање било тоа што им била изгубена документацијата.

*Графикон 10:*
*Дали поднесовте жалба откако добивте негативно решение?*




Околу 36 % од испитаниците имале теренска посета од социјален работник за утврдување на подобност за користење на социјалните права, а останатите 64 % одговориле дека таков вид на посета немале.

*Графикон 10:*
*Зошто не поднесовте жалба?*



Главна причина за неподнесување на жалба кај испитаниците Роми е недостигот на доверба во институциите (33 %). 13 % одговориле дека ја немале потребната документација, а 17 % одговориле дека не сакале да изгубат дополнително време. 38 % од испитаниците имале други причини за неподнесувањето на жалба. Најчест одговор во рамките на избраната категорија „Друго“ е дека ќе аплицираат повторно и поради тоа не поднеле жалба.

*Графикон 12:*
*Колкав временски период чекавте за одговор на вашето барање за користење на социјалното право и до првата исплата? (број на месеци)*



*Табела 17:*
*Колкав временски период чекавте за одговор на вашето барање за користење на социјалното право според општина?*

| Општина | 1 месец | 2 месеца | 3 месеци | 4-6 месеци | 7-12 месеци | Повеќе од 1 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 42 % | 56 % | 3 % | 0 % | 0 % | 0 % |
| Битола | 24 % | 52 % | 0 % | 0 % | 0 % | 0 % |
| Велес | 45 % | 29 % | 21 % | 5 % | 0 % | 0 % |
| Виница | 27 % | 3 % | 0 % | 11 % | 5 % | 54 % |
| Гази Баба | 0 % | 6 % | 19 % | 54 % | 22 % | 0 % |
| Гостивар | 0 % | 3 % | 86 % | 10 % | 0 % | 0 % |
| Ѓорче Петров | 5 % | 27 % | 46 % | 12 % | 7 % | 2 % |
| Карпош | 0 % | 11 % | 30 % | 37 % | 19 % | 4 % |
| Кичево | 2 % | 28 % | 36 % | 33 % | 2 % | 0 % |
| Кочани | 52 % | 38 % | 9 % | 0 % | 2 % | 0 % |
| Куманово | 20 % | 18 % | 47 % | 13 % | 0 % | 1 % |
| Прилеп | 4 % | 21 % | 66 % | 6 % | 3 % | 0 % |
| Тетово | 33 % | 41 % | 22 % | 4 % | 0 % | 0 % |
| Центар | 0 % | 5 % | 22 % | 46 % | 24 % | 3 % |
| Чаир | 4 % | 4 % | 11 % | 44 % | 30 % | 7 % |
| Шуто Оризари | 5 % | 1 % | 15 % | 54 % | 23 % | 2 % |

Според прикажаната табела, може да се види дека 52 % од граѓаните Роми од Кочани чекаат 1 месец за да добијат одговор на нивното барање за користење на социјално право, потоа следуваат 45 % од испитаниците од Велес и 42 % од испитаниците од Берово, кои исто така чекаат еден месец за одговор.

Два месеца се чека за прва исплата најчесто во следниве општини: Битола (62 %), Берово (56 %) и Тетово (41 %). Три месеци најчесто се чека во Гостивар (86 %), Прилеп (66 %) и Куманово (47 %). Според ова, може да се утврди дека најбрзо одговор се добива во Кочани, Велес и Берово. Најмногу се чека за одговор во Виница, каде што 54 % од испитаниците одговориле дека се чекало и повеќе од 1 година за одговор на решението.

Одговорите на испитаниците вклучени во целните групи одразуваат различни искуства и различни временски периоди на чекање одговор за нивните барања, при што може да се забележи и одреден степен на несигурност во однос на законскиот рок за добивање на одговорот.

*„Јас чекав два месеци меѓутоа добив информација дека тоа било законски значи два месеци да се чека додека добиеш решение од поднесувањето на барање до добивање на решение.“*

*- Алма (37 години, корисничка на родителски додаток за трето дете)*

*„Зависи, некој чека по 4, по 5, некој по 3, зависи кај кој човек е предметот.“*

*- Фатиме (40 години, корисничка на ГМП)*

На целната група ѝ беа дадени и предлози од страна на вклучените лица, при што целта е аплицирањето да биде поорганизирано, меѓутоа и побрзо, со цел апликантите да добијат одговор.

*„Системот може да функционира на друг начин, по службена должност сите документи да се приберат да се земат значи за едно лице и автоматски да добие решение и тоа би можело да биде за едно до две недели максимум и веќе да има исплата, за тоа можеби во поголемите места кај што има поголем број корисници ќе биде малку потешко, ама па таму има повеќе вработени социјални работници кои може на тој систем да работат и да ги покријат луѓето...*
*... времето на чекање е стварно долго во такви услови како што се сега, па и од порано исто два месеца да останеш без никаков приход е проблем тоа се чекаше сега три месеци да немаш некаков приход на сметка исто тоа е проблем затоа што тие три месеци додека поминат луѓето немаат право да аплицираат и после тоа уште два месеци да чекаат тоа се 5-6 месеци луѓето немаат никакви приходи никакви примања, тоа е проблем голем на ниво на држава...“*

*- Ѓулизар (50 години, корисничка на ГМП)*

Времето на чекање е директно поврзано и со самиот опстанок на домаќинството, со оглед на тоа што подолг период остануваат во исчекување и без одговор.

*„Центрите треба да се погрижат за побрз одговор, потребно е најмногу за 1 месец да се добие одговор, бидејќи луѓето се ‘влечат’ по неколку месеци, а никого не го интересира дали луѓето имаат што да јадат.“*

*- Фатма (40 години, корисничка на родителски додаток за трето дете)*

*Графикон 13:*
*Дали сте задоволни од времето на чекање?*




Незадоволството од времето на чекање е констатирано и во анкетата, при што 54 % од испитаниците одговориле дека не се задоволни или воопшто не се задоволни од времето на чекање, а 47 % одговориле дека се задоволни или многу задоволни.

Иако не е драстична разликата, сепак, и според горенаведените изјави од целните групи може да се заклучи дека главно е неопходна промена во насока на јасно дефинирање на времето на чекање, бидејќи по анкетите и изјавите од целните групи се формира мислење дека времето на чекање е значително варијабилно кај различни апликанти.

Прва исплата по добиено позитивно решение за еден месец најчесто се добива во Општина Велес (87 %), Општина Кочани (89 %) и Општина Карпош (83 %). Два месеца најчесто се чека во Општина Битола (58 %) и Кичево (38 %), а три месеци најчесто се чека во Општина Берово (65 %).
Најдолго за прва исплата, слично како и за одговор на барањето, се чека во Општина Виница (41 %). Сепак, општиот заклучок е дека е значајно пократок периодот на чекање на прва исплата од периодот на чекање одговор на барањето за користење на социјална повластица.

*„Јас мислам дека треба чекањето да се скрати и да биде во најкраток можен рок затоа што навистина има семејства што го чекаат само и единствено тој приход во месецот, а особено е отежната ситуацијата во време на пандемија. Во мојот случај, сопругот ми е музичар и во време на пандемија немаме никаква работа, зависни сме од примањата од социјално и тоа е многу тешко и исто така имам забелешка што овој пат дури и тие 3 месеци беа пречекорени. 4 месеци чекавме за да добиеме помош, да ги добиеме правата што ни следуваат.“*

*- Себат (40 години, корисничка на ГМП)*

*„Во тој период на чекање, човек мора да работи било што за да обезбеди храна за своето семејство, поради тоа долго време на чекање луѓето се принудени и на неформална работа.“*

*- Демир (29 години, корисник на ГМП)*

*Графикон 14:*
*Како би се подобрил односот на вработените во центрите за социјална работа кон ромските граѓани?*




Високи 68 % од граѓаните Роми сметаат дека односот на вработените во центрите за социјална работа би се подобрил доколку во центарот се вработат Роми. 20 % одговориле дека потребен е поголем морал и етика од вработените, 9 % одговориле дека би се подобрил односот доколку има систем за оценување на вработениот, а 3 % сметаат дека други мерки можат да го подобрат односот на вработените.

## Клучни поенти

- Вкупно 36 % од испитаниците одговориле дека не им биле објаснети условите и критериумите за остварување на правата од социјална и детска заштита. Како резултат на тоа се јавуваат два клучни проблема – според изјавите од целните групи, вработените во центрите не случајно пропуштаат одредени информации, а вториот проблем е непознавањето на македонскиот јазик од страна на ромската заедница во одредени општини.

- Слично како и во претходното поглавје, образованието има важна улога и во информираноста на граѓаните. Испитаниците со повисок степен на образование имаат и повеќе информации, конкретно околу тоа кој вработен го води нивниот случај, исклучок има само кај оние испитаници со завршено средно образование. Покрај образованието, местото на живеење исто така игра одредена улога, при што во одредени општини (Кичево, Куманово, Гостивар) граѓаните се повеќе запознаени со тоа кој го води нивниот случај.

- Вкупно 15 % од испитаниците почувствувале дискриминација на своја кожа во последните 12 месеци, при што според демографските карактеристики, мажите се подискриминирани од жените, оние со понизок степен на образование се подискриминирани од испитаниците со повисок степен на образование, а важна улога има и возраста, при што испитаниците кои се повозрасни од 46 години почесто се дискриминирани за разлика од испитаниците кои се помлади.

- Постои разлика и во однос на посети од страна на социјални работници, имено највисок процент на посети има во следниве општини: Берово (66 %), Кичево (53 %) и скопските општини Ѓорче Петров (54 %) и Чаир (58 %). Воедно, од аспект на односот со вработените, најголемо мнозинство немаат утврден став дали се задоволни или не се задоволни.

- Вкупно 6 % од испитаниците добиле негативно решение на нивното барање за користење на социјално право, при што според одговорите и од целните групи, меѓутоа и од анкетите, како најчести причини за одбивање се издвоени следниве: нејасно поделени домаќинства во рамки на иста куќа, трансакции на средства, живеење во државни социјални објекти, увид на недоследности од страна на социјалните работници, а дел од испитаниците одговориле дека причината за одбивање било тоа што им била изгубена документацијата.

- Во однос на поднесување на жалби, високи 92 % од одбиените не поднеле жалба. Како најчеста причина за тоа се издвојува недовербата во институциите, а потоа следуваат и некомплетната документација, како и немањето волја за трошење на дополнително време на жалби. Од анкетите може да се забележи дека неподнесувањето на жалби е главно поради тоа што планираат повторно да аплицираат по предвидениот законски рок.

- Времето на чекање на решение варира од општина во општина, при што најчесто се чека до 3 месеци, а неретки се и случаите кои чекаат и повеќе од 3 месеци за добивање на одговор. Сепак, видлива е разликата меѓу времето на чекање на решение и времето на чекање на прва исплата, односно првата исплата најчесто се добива во првиот месец.

- Преовладува одговорот којшто упатува на нужноста од вработување Роми во центрите за социјална работа, како најдобро решение доколку целта е подобрување на пристапот на Ромите до социјални повластици. Неретки се и случаите кога се смета дека е потребно подобрување на етиката и моралот на вработените.

## Влијанието на ковид-пандемијата врз искористеноста на правата од социјална заштита

Во овој дел од истражувањето се презентираат искуството и перцепцијата на ромската заедница во пристапот до правата од социјална заштита за време на пандемијата со ковид-19. Прашањата се однесуваат на процесот на аплицирање и искористеноста на економските мерки за ублажување на последиците од пандемијата.

Перцепцијата и искуството на испитаниците е дека ковид-пандемијата го влоши процесот на аплицирање до социјалните права, пред сѐ, поради ограничувањата во движењето, немањето доволни информации за новите законски измени, кои се поврзани и со степенот на информираност на заедницата. Во однос на одговорите, 56 % од испитаниците сметаат дека процесот е влошен, 6 % дека е подобрен, додека 38 % сметаат дека пандемијата нема ефект врз процесот на аплицирање до одредени социјални права.

*Графикон 15:*
*Дали сметате дека ковид-пандемијата го влоши или го подобри процесот на аплицирање за социјални права?*




Според општини, може да се увиди дека најголем ефект пандемијата имаше во следниве општини со највисок процент на одговори „го влоши“: Виница (100 %), Куманово (96 %), Чаир (100 %)  и Кичево (91 %). Највисок процент на одговори кои укажуваат дека пандемијата предизвикана од ковид-19 беше причина за подобрување на процесот на аплицирање има во Општина Берово, во останатите општини процентот е понизок од 24 %. Според одговорите, ситуацијата останала непроменета во следниве општини: Велес и Карпош (78 %) и Кочани (60 %).

*Табела 18:*
*Влијанието на пандемијата врз процесот на аплицирање за социјалните права, според општини*

| Општина | Го влоши | Го подобри | Нема ефект, исто е |
|---|---|---|---|
| Берово | 2 % | 44 % | 54 % |
| Битола | 51 % | 0 % | 49 % |
| Велес | 22 % | 0 % | 78 % |
| Виница | 100 % | 0 % | 0 % |
| Гази Баба | 37 % | 0 % | 63 % |
| Гостивар | 22 % | 24 % | 54 % |
| Ѓорче Петров | 34 % | 10 % | 56 % |
| Карпош | 19 % | 4 % | 78 % |

| Општина | Го влоши | Го подобри | Нема ефект, исто е |
|---|---|---|---|
| Кичево | 91 % | 40 % | 9 % |
| Кочани | 26 % | 14 % | 60 % |
| Куманово | 96 % | 0 % | 4 % |
| Прилеп | 76 % | 3 % | 22 % |
| Тетово | 79 % | 0 % | 21 % |
| Центар | 71 % | 3 % | 26 % |
| Чаир | 100 % | 0 % | 0 % |
| Шуто Оризари | 48 % | 7 % | 45 % |

Во однос на тоа кои понудени мерки се искористени, според одговорите од целните групи, неретко граѓаните ги споменуваат и акциите спроведени од неформални иницијативи или од граѓански здруженија, покрај владините мерки за справување со последиците од пандемијата.

*„Ги искористивме тие 9.000 денари – ваучери и имавме пакети од 'АВАЈА', тоа е само искористено, треба уште нешто да се помогне на луѓето не само на нас Ромите на сите сиромашни треба да се помогне, за повеќе од една година, малку се 9.000 денари помош.“*

*- Фатима (30-годишна, корисничка на родителски додаток за трето дете)*

*„Картичката со 9.000 денари ја искористивме, друго не добивме помош од никаде. Јас имам две болни лица дома, само со тие 9.000 денари тешко се снајдовме.“*

*- Бекир (40-годишен, корисник на ГМП)*

Во однос на олеснувањата, според изјавите од целните групи, причината е главно поради тоа што службениците не излегуваа на терен и процесот на одобрување се одвиваше побрзо.

*„Поради пандемијата од ковид-19 на терен не излагаа социјалните работници и само стасуваше на пример решение дека е позитивно. За време на ковид-19 многу луѓе почнаа да земат ГМП.“*

*- Беким (29-годишен, корисник на ГМП)*

*Графикон 16:*
*Дали за време на пандемијата со ковид-19 имавте олеснет пристап до социјалната заштита?*




Поголемиот дел од испитаниците одговориле дека немаат полесен пристап до социјалната заштита како резултат на ковид-19, додека 40 % одговориле спротивно, односно дека пандемијата овозможи и полесни услови за аплицирање за ГМП.

*Графикон 17:*
*Дали пандемијата со ковид-19 влијаеше врз вашите финансиски потреби да аплицирате за некое од достапните права на социјална и детска заштита?*




Мнозинство од испитаниците, односно 87 % одговориле дека пандемијата не влијаела да аплицираат за достапните права од социјална и детска заштита, а 13 % одговориле дека пандемијата имала удел во потребата да аплицираат.

*„Пандемијата влијаеше многу, моите деца се музичари, пред тоа не беа корисници на социјална помош, ама сега со пандемијата секој денар им е важен и од помош, значи влијае и тоа како.“*

*- Елвира (50 години, корисничка на ГМП)*

*100 % влијаеше, Ромите знаеме сите дека најчесто се занимаваат со музика... или е музичар или е ковач или некој одреден друг тип на занает има, многу се ретки тие Роми што работат во институции со решение и затоа кај нас и најмногу се почувствува влијанието на пандемијата. Многу семејства останаа без никаков придонес.“*

*- Фатима (30-годишна, корисничка на родителски додаток за трето дете)*

*Графикон 18:*
*Дали искористивте некоја од економските мерки за справување со ковид-пандемијата?*




Според графиконот 18, 53 % од испитаниците искористиле некоја од економските мерки за справување со ковид-19 пандемијата, а 47 % не искористиле ниту една од достапните мерки. Во однос на тоа кои достапни мерки се искористени, според одговорите од целните групи, неретко граѓаните ги споменуваат и акциите спроведени од неформални иницијативи или од граѓански здруженија, покрај владините мерки за справување со последиците од пандемијата.

Највисок процент на искористеност на мерка/мерки за справување со ковид-19 има во следниве општини: Кичево (84 %), Берово (72 %), Виница (76 %) и Гостивар (71 %). Мнозинството од испитанците кои одговориле дека искористиле некоја мерка, навеле дека ја искористиле платежната картичка „Купувам домашно“.

# Клучни поенти

- Мнозинство од испитаниците (56 %) сметаат дека ковид-19 го влошил процесот на аплицирање за социјални права. Најголем ефект од пандемијата во процесот на аплицирање, според одговорите, имало
- во Виница, Куманово, Чаир и Кичево.

- Вкупно 53 % од испитаниците одговориле дека искористиле некоја од достапните мерки за справување со ковид-19. Највисока искористеност имало во Кичево, Берово, Виница и Гостивар. Најголемиот дел од одговорите на оние кои искористиле некоја мерка беа дека станува збор за платежната картичка „Купувам домашно“.

- Вкупно 13 % сметаат дека пандемијата влијаела да аплицираат за одредено право, а најголем дел, односно 87 %, сметаат дека не влијаела.

- Главното олеснување во процесот на аплицирање дел од испитаниците го гледаат во тоа што поради пандемијата немаше теренска посета од социјални работници, а тоа значело и побрз одговор од страна на институцијата.

# 05
# Заклучок

Социјалната реформа несомнено го преуреди системот на социјална заштита, со тоа што дел од најкористените права целосно ги трансформираше согласно новиот Закон за социјална заштита, се донесоа измени во Законот за заштита на деца, а за првпат се донесе и Закон за социјална сигурност на стари лица.

Со новиот Закон за социјална заштита од 2019 година правото на социјална и постојана помош се трансформираше во гарантирана минимална помош. Гарантираната минимална помош е зголемена во споредба со претходните законски одредби. Сепак, имајќи ги предвид зголемените трошоци за живот, како и трошоците што се појавија поради пандемијата со ковид-19, дополнително се зголемија целокупните трошоци за живот. Оттука можеме да заклучиме дека, иако моментално лицата кои се материјално необезбедени земаат повеќе, сепак, тие средства не се доволни за основните животни потреби. Затоа, со цел обезбедување на минимални трошоци за живот и задоволување на основните животни потреби, треба да се ревидира висината на приходот. Целта на гарантираната минимална помош и социјалниот систем секако е да им помогне на граѓаните да излезат од социјалниот ризик и да се интегрираат, но сепак, во пандемискиот период потребно е висината на приходот да биде доволна за задоволување на основните потреби. Дополнително, и сите права од областа на социјалната и детската заштита треба да се зголемат и да се усогласат со потрошувачката кошничка и минималната плата.

Корисниците на гарантирана минимална помош се стекнуваат со ова право со поднесување на барање до центрите за социјална работа. Доколку домаќинството има и деца, им следува и детски додаток, а доколку децата одат во училиште им следува образовен додаток, за кои треба дополнително да се поднесе барање за остварување на ова право. Во член 274 од Законот за социјална заштита предвидено е дека пред да одлучува за правата од социјална заштита центарот за социјална работа на граѓанинот му укажува стручна помош при поднесувањето на барањето и за можноста да остварува права врз основа на други прописи. Со оглед на ваквиот член и предвиденоста на ваквата помош од страна на центарот за социјални работи, потребно е ова практично да се имплементира и спроведува.
Од друга страна, и од прашалниците и од лицата опфатени во истражувањето, се гледа дека 36 % од испитаниците одговориле дека не им биле објаснети условите и критериумите за остварување на правата од социјална и детска заштита. Како резултат на тоа доаѓа до два клучни проблема, според изјавите од целните групи – вработените во центрите не случајно пропуштаат одредени информации, а вториот проблем е непознавањето на македонскиот јазик од страна на ромската заедница во одредени општини.

Во член 298 предвидено е дека ако старо, немоќно, неспособно, инвалидно и дете има член на семејство кој не го издржува ова лице, а кој согласно Законот за семејството е должен да го издржува, центарот на лицето ќе му

обезбеди право на гарантирана минимална помош или услуга од социјална заштита, доколку ги исполнува условите утврдени со овој закон. Доколку лицето нема поднесено тужба за законска издршка, центарот за социјална работа со полномошно од лицето поведува постапка за остварување на правото на издржување спрема лицата кои според закон се должни да го издржуваат. Оваа одредба потребно е да подлежи на промена со оглед на тоа дека многу од лицата кои де факто се наоѓаат во социјален ризик не го остваруваат правото на гарантирана минимална помош или некоја социјална услуга поради фактот што не сакаат да ги тужат сопствените деца.

Дополнително, потребно е да се изготви Упатство/протокол за работа на сите центри за социјална работа со цел вооедначено постапување.

Исто така, Законот за социјална сигурност на стари лица не ги опфаќа сите лица, односно предвидено е правото да го остваруваат лица со навршени 65 години, а доколку подносителот има брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница со навршени 65 години, правото го остварува само едно од лицата. Иако ова право досега го немало, сепак е потребна промена во насока сите кои ги исполнуваат условите да го остваруваат ова право со оглед на висината на просечните основни трошоци за живот, а со цел достојни приходи за задоволување на основните животни потреби.

Исто така, значајно е да се истакне дека надоместок поради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години, најдоцна до 65-годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот, освен ако користи цивилна или воена инвалиднина согласно со закон и ако со решение на центарот за социјална работа подолго од 30 дена е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка или во здравствена или друга установа. Со ваквите услови им се ускратува ова право на лицата под 26 години и над 65 години, со што се ставаат во нееднаква положба со другите, особено имајќи го предвид правото за кое се аплицира и попреченоста како состојба која не е одредена со возраст.

Мнозинство од испитаниците (56 %) сметаат дека ковид-19 го влошил процесот на аплицирање за социјални права. Најголем ефект во процесот на аплицирање, според одговорите, пандемијата имала во Виница, Куманово, Чаир и Кичево. Видно е дека законските измени направени со цел олеснет пристап во системот за социјална заштита се покажаа како неефективни според одговорите на испитаниците, па поради тоа потребно е да бидат измените во законите во оваа насока. Освен тоа, со самите измени воопшто не беа зголемени износите на правата, само имаше некои административни олеснувања за аплицирање. Потребно е државата да цели фактички да им го олесни животот на луѓето кои се наоѓаат во социјален ризик, а не само технички.

# 06
# Препораки

Министерството за труд и социјална политика треба да ги реши следниве недостатоци:

- Вработување на дополнителен стручен кадар: социјални работници, правници и психолози во ЈУМЦСР – Шуто Оризари и во центрите за социјална работа каде што има недостиг;

- Овозможување постојан стручен кадар кој нема да ротира во различни центри за социјална работа, поради воедначен пристап кон работата и работните обврски, како и за следење на состојбата на граѓаните;

- Обуки за услугите кои согласно новиот интегриран пристап за работа се воведени во работењето на ЈУМЦСР – Шуто Оризари и во другите центри за социјална работа каде што има недостиг, и тоа за: бракоразводни услуги, старателство, бездомништво, малолетничка деликвенција, питачење и др.;

- Обезбедување на соодветен инвентар и канцелариска опрема за непречено функционирање и соодветно складирање на предметите со цел тие да не се губат во центрите за социјална работа, особено во ЈУМЦСР – Шуто Оризари;

- Склучување на меморандум со Министерството за здравство со цел обезбедување на навремени термини за остварување на правото на туѓа нега, за да им се овозможи на граѓаните од оваа ризична категорија остварување на ова право;

- Обезбедување на континуирана работа на Комисијата за оценување на работната способност при ПИОМ, со оглед на моменталната состојба кога за поднесените барања за оценување на работната способност се чека повеќе од две години за нивно одлучување;

- Да се обезбедат и дополнат законски измени во Законот за социјална заштита, во делот на правото на социјална сигурност за стари лица, т.е. да се овозможи и двајцата сопружници да го искористат правото на социјална сигурност, доколку ниту едниот не остварува право на старосна пензија;

- Да се иницираат законски измени во Законот за социјална заштита и во Законот за здравствена заштита за утврдување на бесплатна партиципација за болничко лекување;

- Да се изготви Упатство за работа на вработените во центрите за социјална работа заради еднаков пристап и еднакво работење со сите клиенти.

07

# Користена литература


- Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104 од 23.5.2019 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 146 од 17.7.2019 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 275 од 27.12.2019 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 311 од 28.12.2020 година)

- Закон за заштита на децата („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20)

- Закон за социјална сигурност на стари лица („Службен весник на РСМ“, бр. 104 од 23.5.2019 година)

- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 103, април 2020)

- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 108, април 2020)

- Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 89, април 2020)

- Закон за дополнување на Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 302 од 18.12.2020 година)

- Ромалитико (2021). Анализа на соодветна и правична застапеност на Ромите во јавната администрација 2016, 2017 и 2018 година

# 08
# Прилози

## Прилог 1:
## ПРАШАЛНИК ЗА ИСКОРИСТЕНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПОВЛАСТИЦИ

Овој прашалник е наменет за испитување на искористеноста на социјалните повластици. Одговорањето е анонимно, а податоците ќе се искористат за истражувачки цели. Пополнувањето на прашалникот ќе ви одземе околу 10 минути.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**Пол**

☐ Машки

☐ Женски

**Град/Општина**

___________________________

**Возраст**

_________________

**Степен на образование**

☐ Основно образование (I-IV одд.)

☐ Основно образование (V-VIII одд.)

☐ Средно образование

☐ Вишо образование/ виша стручна подготовка

☐ Високо образование

☐ Без образование

**Ве молиме наведете колку членови од вашето домаќинство се:**

Вработени

_________________

Невработени

_________________

Издржувани лица (деца, домаќинство)

_________________

1. **Дали во наведените години бевте/сте корисници на некои од долунаведените социјални права? Доколку сте, означете со Х:**

*Пример:*

| Вид на помош | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| Гарантирана минимална помош | X | X |

| Вид на помош | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| Гарантирана минимална помош | | |
| Социјална сигурност за старите лица | | |
| Надоместок за помош и нега од друго лице | | |
| Надоместок на плата за скратено работно време | | |
| Еднократна парична помош поради болест, непогода и семејство во ризик | | |
| Траен надоместок | | |
| Додаток за домување | | |
| Образовен додаток | | |
| Надоместок заради <!-- Generator: Adobe Illustra- | | |
| Посебен додаток | | |
| Родителски додаток за трето дете | | |
| Еднократна парична помош за новороденче | | |

# ПРВ ДЕЛ -
# Период пред аплицирање за социјално право

**1. Доколку имате користено некои од горенаведените социјални права, ве молиме наведете од каде ги добивате потребните информации?**

- ☐ Центрите за социјална заштита
- ☐ Општините
- ☐ Невладина организација
- ☐ Ромски информативни центри
- ☐ Пријатели/Познајници
- ☐ Друго ________________________________ (Ве молиме наведете)

**2. Од кого сметате дека треба да ги добивате потребните информации?**

- ☐ Центрите за социјална заштита
- ☐ Општините
- ☐ Невладина организација
- ☐ Ромски информативни центри
- ☐ Пријатели/Познајници
- ☐ Друго ________________________________ (Ве молиме наведете)

**3. Ве молиме наведете со какви информации располагавте пред да аплицирате за социјално право?**
**(дозволени се повеќе одговори)**

- ☐ Намена на социјалното право
- ☐ Висина на финансиските средства
- ☐ Процедура за аплицирање
- ☐ Потребни документи за апликација
- ☐ Место каде што треба да се поднесат документите
- ☐ Период на чекање за одговор

**4. Изберете го тврдењето со коешто најмногу се согласувате:**

| Што сметате дека е клучно за да се одлучите да аплицирате? | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Потребно е да знам каква е процедурата за аплицирање | | | | | |
| Потребно е да знам дали ги исполнувам потребните критериуми и услови | | | | | |
| Потребно е да знам колку изнесува финансискиот надоместок | | | | | |
| Потребно е да знам колку време се чека за одговор на барањето | | | | | |
| Потребно е вработените во центарот да имаат соодветен однос | | | | | |

Друго

________________________________________

________________________________________

# ВТОР ДЕЛ - Аплицирање

1. **Дали вработените во центрите за социјална работа детално ви ги објаснија условите и критериумите за остварување на правата од социјална и детска заштита? (сите од табела 1)**

   ☐ Да ☐ Не

2. **Доколку одговорот на претходното прашање е НЕ, Ве молиме образложете која е причината за тоа:**

   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________

3. **Дали знаете кој социјален работник е задолжен за Вашиот предмет?**

   ☐ Да ☐ Не

4. **На скала од 1 до 5 оценете ја работата на вработениот во центарот за социјални работи**

   1 ○ 2 ○ 3 ○ 4 ○ 5 ○

5. **Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани по основ на етничка припадност од вработените во центрите за социјална работа?**

   ☐ Да ☐ Не

   Доколку одговоривте со ДА, Ве молиме опишете:

   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________________________________
   ________________________

**6. Дали имавте теренска посета од социјален работник за утврдување на подобност за користење на социјалните права?**

☐ Да ☐ Не

Доколку одговоривте со ДА, Ве молиме опишете:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

________________________________________

## ТРЕТ ДЕЛ -
## Исход од аплицирање

**1. Каков беше исходот од аплицирањето?**

☐ Добив позитивно решение

☐ Ме одбија

☐ Сѐ уште во постапка

**Доколку на претходното прашање одговоривте дека сте биле одбиени, одговорете на прашањата 3, 4 и 5 (опционално), а ако не сакате да ги одговорите, преминете директно на шестото прашање:**

**2. Која беше причината за одбивањето на вашето барање?**

а) Некомплетна документација

б) Неисполнување на потребните критериуми (неподобност)

в) Друго (Ве молиме наведете)

**3. Дали поднесовте жалба откако го добивте негативното решение?**

а) Да

б) Не

**4. Доколку одговоривте со Не, зошто?**

а) Немам доверба во институциите

б) Не сакав да изгубам дополнително време

в) Јас немав потребната документација

г) Друго (Ве молиме наведете)

**5. Доколку одговоривте со Да, каков е конечниот исход на постапката?**

а) Добив позитивно решение

б) Добив негативно решение

в) Аплицирав повторно

г) Поведов управен спор

**6. Колкав временски период чекавте за одговор на Вашето барање за користење на социјалното право?**

________________

(број на месеци)

**7. Колкав временски период чекавте од добивањето на решение за користење на социјално право до првата исплата?**

________________

(број на месеци)

**8. Дали сте задоволни од времетраењето на целиот процес (од денот на поднесувањето на барањето до донесувањето на одлуката)?**

- ☐ Воопшто не сум задоволен
- ☐ Не сум задоволен
- ☐ Задоволен сум
- ☐ Многу сум задоволен

**8. Каков беше процесот за собирање на целокупната документација и за кое право?**

| Процес за собирање на целокупна документација | Искористено право |
|---|---|
| ☐ Многу тежок<br>☐ Тежок<br>☐ Донекаде лесно<br>☐ Лесно | Наведете за кое право се однесува Вашиот одговор<br>____________________<br>____________________<br>____________________ |

**10. Дали сметате дека финансиските трошоци за собирање на целокупната документација се:**

☐ Многу високи

☐ Високи

☐ Ниски

☐ Минимални

**11. Како би се подобрил односот на вработените во центрите за социјална работа кон ромските граѓани?**

☐ Доколку во центарот има вработено Роми/ки

☐ Доколку има систем за оценување на вработениот

☐ Доколку вработените имаат поголем морал и етика

☐ Друго ____________________

**12. Ве молиме наведете Ваши препораки за подобрување на пристапот до социјална и детска заштита.**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

____________________

# ЧЕТВРТ ДЕЛ -
# Влијание на ковид-пандемијата

1. **Дали сметате дека пандемијата со ковид-19 го влоши или го подобри процесот на аплицирање за социјални права?**

   ☐ Го влоши

   ☐ Го подобри

   ☐ Немаше ефект, исто е

2. **Дали искористивте некоја од економските мерки за справување со ковид-пандемијата?**

   ☐ Да ______________________ (Ве молиме наведете која мерка)

   ☐ Не

3. **Дали пандемијата со ковид-19 влијаеше врз Вашите финансиски потреби да аплицирате за некое од достапните права на социјална и детска заштита?**

   ☐ Да ______________________ (Ве молиме наведете која мерка)

   ☐ Не

4. **Дали за време на пандемијата со ковид-19 имавте олеснет пристап до социјалната заштита? (олеснети услови за аплицирање за ГМП)**

   ☐ Да ______________________ (Ве молиме наведете која мерка)

   ☐ Не

5. **Што би предложиле за подобро справување со ковид-пандемијата?**

   ______________________________________________________________

   ______________________________________________________________

   ______________________________________________________________

   ______________________________________________________________

   ______________________________________________________________

   ________________________________

## Прилог 2:
## МЕТОДОЛОГИЈА И ПРАШАЊА ОД ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ

## Прашања од работата со целните групи

**Датум:** 26 април до 10 мај 2021 година
**Локација:** 4 региони (Скопски, Источен, Западен и Пелагониски)
**Фасилитатор:** Мухамед Ајваз
**Учесници** (8)

Профил на учесници: 4 М и 4 Ж; сите членови треба да бидат лица кои се корисници или лица кои аплицирале за социјални повластици, учесниците да бидат од различни градови од ист регион.

Цел:
Да се идентификуваат бариерите/факторите што придонесуваат за намалување на искористеноста на правата од социјална заштита со посебен фокус на ромските семејства.

## Спроведување на работата со целните групи

### Запознавање на учесниците (10 минути)

- Фасилитаторот ја отвора средбата на целната група и ги поздравува присутните.
- Претставување на фасилитаторот и присутните

### Правила (2 минути)

Фасилитаторот ги објаснува правилата за спроведување на работата на целната група.

- Правила

1. Секој треба да го почитува мислењето на другите.
2. Доколку некој сака збор, да крене рака.
3. Никој не треба да осудува или да донесува заклучоци за другите мислења.

### Вежба 1 А: Степен на информираност (15 минути)

1. Ве молиме објаснете накратко од каде сте добиле информации во однос на користењето на правата од социјална заштита.
2. Какво било/е вашето искуство со лицето кое ви ги има дадено информациите?
3. Дали критериумите за користење на правото ви биле јасни?
4. Дали добивте информација по кој основ некое од горенаведените права може да ви се укине/престане?

Цел:
Да се увиди степенот на информираност на ромските семејства и каналот на комуникација со органите со цел да се утврдат можните причини за намалување на искористеноста на правата од социјална заштита.

### Вежба 1 Б: Пристап на вработените (15 минути)

1. Каков беше пристапот/односот на вработениот во центарот за социјална работа при вашата средба?
2. Наведете три работи кои ви се допаѓаа/или помалку ви се допаѓаа при средбата со ЦСР.
3. Со кои предизвици се соочивте при добивањето информација, процесот на аплицирање, поднесувањето на документите?

### Вежба 1 В: Исход (10 минути)

1. Дали се соочивте со некаков проблем поради тоа што сте Роми во центарот за социјална работа? Доколку се соочивте, објаснете.
2. Колку време чекавте за добивање на решението? Додека чекавте одговор, како го обезбедувавте вашето семејство? Колку сметате дека треба да биде времето на чекање? Дали сметате дека е долго, кратко?
3. Дали кога го добивте решението имавте некакви нејаснотии?
4. Доколку ве одбија, кои беа причините? Дали и зошто не поднесовте жалба?

Делот за институционален пристап ќе се групира во кластери, и учесниците ќе бидат прашани да ги оценат на скала од 1 до 5 за најзначајните кластери.

### Вежба 1 Г: Поддршка при искористување на правата од социјална заштита (10 минути)

1. Ве молиме опишете дали во процесот на аплицирање/добивање информација или поднесување на документите побаравте поддршка од НВО или друга институција?
2. Какво беше вашето искуство со локалните НВО/РИЦ-ови?
3. Ве молиме опишете во 3 чекори што би направиле доколку имате добиено погрешна информација/не сте биле соодветно информирани или третирани од страна на институциите.

### Вежба 1 Д: Влијание на ковид-19 врз искористување на правата од социјална заштита (10 минути)

1. Какво влијание имаше ковид-19 од социјален аспект врз Ромите од вашата населба?
2. Што искористивте од достапните мерки за справување со ковид-19?
3. Дали мерките беа навремени и соодветни?
4. Каква мерка би предложиле?

*11:20 – 11:30*

### Вежба 5: Заклучок и завршни коментари (10 минути)

Цел:
Дискусија со учесниците за да се утврди во кој степен се согласуваат со добиените резулати презентирани во матрицата

Фасилитаторот дава кратки заклучоци во однос на добиените резултати, по што следуваат завршни коментари од учесниците. Фасилитаторот им се заблагодарува на сите за учеството и укажува на кој начин добиените резултати ќе се искористат во рамките на ова истражување.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.734:364.65-053.2/.6(=214.58)(497.7)(047.31)
342.726-053.2/.6:364.65(=214.58)(497.7)

ИСКОРИСТЕНОСТ на правата од социјална и детска заштита од страна на ромската заедница / Тона Карева ... [и др.]. - Скопје : Институт за истражување и анализа на политики Ромалитико, 2022. - 81 стр. : табели, граф. прик. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Алберт Мемети, Салија Бекир Халим, Мухамед Ајваз

ISBN 978-608-4876-00-7

1. Карева, Тона [автор] 2. Мемети, Алберт [автор]
3. Бекир Халим, Салија [автор] 4. Ајваз, Мухамед [автор]
а) Човекови права -- Социјална заштита -- Роми -- Македонија -- Извештаи
б) Човекови права -- Права на детето -- Детска заштита -- Роми -- Македонија -- Извештаи

COBISS.MK-ID 56092933

https://hera.org.mk/
www.romalitico.org